**УНИВЕРЗИТЕТ ,,СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ’’ – СКОПЈЕ**
**ФИЛОЗОФСКИ ФАКУЛТЕТ**
**Институт за социјална работа и социјална политика**

**Магистерски труд**

# Пристапност, искористеност и квалитетот на социјалните услуги за жртви на семејно насилство на територија на Град Скопје


**Ментор:** **Кандидат:**

**Проф. д-р Светлана Трбојевиќ** **Радица Стојкоска**


**Скопје, Јуни 2019 год.**

# С О Д Р Ж И Н А:

**ВОВЕД.............................................................................................................5-6**

**1. Теоретска определба и дефинирање на поимите од семејно насилство**

**1.1.Определување на основните поими од истражувањето.......................................7-11**

**1.1.1 Поим насилство...........................................................................................7**

**1.1.2. Семејно насилство......................................................................................7-8**

**1.1.3 Пасивно насилство.....................................................................................8-9**

**1.1.4. Социјални услуги.........................................................................................9**

**1.1.5. Жртва на семејно насилство.....................................................................9-10**

**1.1.6. Насилство врз жената..................................................................................10**

**1.1.7. Насилсто врз деца....................................................................................10-11**

**1.1.8. Насилство врз мажи.....................................................................................11**

**1.1.9. Насилство врз стари и изнемоштени лица...................................................11**

**1. 2. Дефинирање на семејното насилство.....................................................11-14**

**1.2.1. Дефинирање на физичко, психичко, сексуално и економско насилство како облици на семејно насилство.....................................................................14-15**

**1.2.2. Физичко насилство....................................................................................15-16**

**1.2.3. Психичко насилство..................................................................................16-17**

**1.2.4.Сексуално насилство.....................................................................................17**

**1.2.5. Економско насилство.................................................................................18-19**

**2. Систем на заштита од семејното насилство....................................................20**

**2.1. Постапување на Министерството за труд и социјална политика во случај на семејно насилство..........................................................................................................20-22**

**2.2. Улогата на Центарот за социјална работа во превенција и заштита од семејно насилство..........................................................................................................22-25**

**2.3. Казнено-поправниот систем на заштита од семејно насилство...............................26-27**

**2.4. Улогата на граѓанските организации во заштита на жртви на семејно насилство..........................................................................................................27-31**

**3. Тврда и мека легислатива со која се регулира семејното насилство..........................32-33**

**3.1. Закон за превенција, спречување и заштита од семејно насилство.......................33-38**

**3.1.1. Насоки од спроведен мониторинг врз законот...................................................38-39**

**3.2. Национална сратегија за спречување и заштита од семејно насилство 2012-2015 година..........................................................................................................39-42**

**3.3. Национално координативно тело против семејно насилство...............................42-43**

**4. Градот Скопје во борбата против семејното насилство............................................44-45**

**5. Методолошка рамка на истражувањето.......................................................................46**

**5.1. Цели и задачи на истражувањето..............................................................................46**

**5.2. Предмет на истражувањето...................................................................................46-47**

**5.3. Организација и место на истражувањето..................................................................47**

**5.4. Примерок од истражувањето.................................................................................47-48**

**5.5. Методи и техники на исражувањето.......................................................................48-49**

**РЕЗУЛТАТИ ОД ИСТРАЖУВАЊЕТО.................................................................................49**

**Градот Скопје како посебна административна единица..................................................49**

**Општините во Градот Скопје и нивни општи карактеристики.......................................50-56**

**Сервиси за социјални услуги на жртви на семејно насилство на територија на Град Скопје...........................................................................................................................57**

**Кризен Центар Надеж.........................................................................................57-59**

**Организација на жените на Скопје......................................................................59-60**

**Прв семеен центар..................................................................................................61**

**Сервиси кои што даваат бесплатна правна помош на жртви на семејно насилство..........................................................................................................................62**

**Национален совет за родова рамноправност.......................................................62-63**

**РЕЗУЛТАТИ ОД СПРОВЕДЕНОТО ИСТРАЖУВАЊЕ НА ТЕРИТОРИЈА НА ГРАД СКОПЈЕ................................................................................................................64-88**

**ЗАКЛУЧОЦИ КОИ ПРОИЗЛЕГУВААТ ОД ИСТРАЖУВАЊЕТО.......................................89-90**

**ПРЕПОРАКИ КОИ ПРОИЗЛЕГУВААТ ОД ИСТРАЖУВАЊЕТО.........................................91-92**

**Прилози.................................................................................................................93-99**

**Користена литература........................................................................................100-101**

# ВОВЕД

Се додека не ме засега мене не ме интересира. Не ми се случува дома, а и да се случува ,,тоа'' секогаш се случува зад затворени врати.

Да, ,,тоа'' има име и се нарекува насилство. Се случува секаде, во секое време, може да му се случи секому, некој го трпи секојдневно, некој кога за некого е лош во текот на денот, кога нешто не сте исполниле, кога не знаете дека ви се случува, кога мислите дека мора да го трпите тоа затоа што такви ве сакаат - НАСИЛСТВО.

Го има секаде во секоја религија, го трпат и двата пола и машки и женски, го трпат и луѓе без разлика дали имаат 8 месеци или 88 години.

Го трпат и во Република Северна Македонија и во Градот Скопје. Во училиште, на работа, во здравствена организација, во брачна заедница, во вонбрачна заедница, во семејството, во блиската околина, во општеството, во паркот каде што случајно сте излегле да прошеате и гледате дека некој на некого мава обична шлаканица која подоцна преминува во клоца, буткање... Што ќе направите? Дали ќе бидете како многумина пасивни посматрачи, дали ќе бидете среќни дека Вас ова не ви се случува, дали ќе помогнете, дали ќе се направите дека ништо не сте виделе, дали ќе отидете дома и засекогаш ќе заборавите или пак ќе пријавите во институција/ сервис дека некаде, некој, некого малтретира?

Како социјален работник и вработена во еден период од животот во сервис кој што обезбедува заштита на жртви на семејно насилство одлучив да напишам магистерски труд, а воедно и да истражам колку населението во Град Скопје е запознаено со сервисите кои што обезбедуваат заштита на жртви на семејно насилство.

Целта е да се дознае колку помладата генерација, учениците од основните училишта знаат што е насилство односно, дали во нивната блиска околина истото го чуствуваат, гледаат, дали знаат истото каде да го пријават, дали знаат да разликуваат поими како насилство и семејно насилство дали ги препознаваат

облиците на семејно насилство и дали на ниво на основно училиште се вкучени во превенција од семејно насилство преку обуки/работилници оганизирани од приватните и државните сервиси кои обезбедуваат заштита и превенција од семејно насилство.

Исто така, цел на овој труд е да се утврди колку учениците од средните училишта се запознаени со истите поими, дали разликуваат облици од семејно насилство како психичко, физичко, сексуално или пак економско. Да се увиди колку тие како учесници во општеството придонесуваат во борба против насилството или пак се вклучени во обуки за превенција.

Очекувам истражувањето да покаже колку населението во Град Скопје знае дека постојат сервиси, дека постојат СОС линии за пријавување од семејно насилство, дали се жртви и дали знаат каде да се обратат за помош, како и доколку пријавувале семејно насилство каде го направиле тоа и дали се задоволни од услугите на сервисите како и дали граѓание кои што живеат во општина каде што има ваков тип на сервис се свесни дека истото постои и се наоѓа во нивна близина и опкружување.

Колкав е степенот на информираност на учениците, колкава е нивната инволвираност во проблематиката на семејното насилство, дали знаат каде да се обратат во случај на истото и дали имаат храброст да пријават насилство ќе се утврди со помош на анкетните листови кои беа поделени на студенти од Институтот за социјална работа и социјална политика Мајка Тереза – Скопје.

Со помош на експертските интервјуа изведени со претставници на сервисите на територија на Град Скопје кои пружаат заштита и превенираат од семејно насилство се добија информации за видот на услуги кои ги нудат, начинот на кој придонесуваат во општеството во борба против насилството, како се промовираат и како ги препознаваат луѓето.

# 1. ТЕОРЕТСКА ОПРЕДЕЛБА И ДЕФИНИРАЊЕ НА ПОИМИТЕ ОД СЕМЕЈНО НАСИЛСТВО

## 1.1. Определување на основните поими од истражувањето

Во овој дел од магистерскиот труд најпрво ќе направиме обид за дефинирање на основните поими кои што се поврзани со семејното насилство и облиците во кои тоа се јавува. Не можеме да говориме за семејно насилство без најпрво да го дефинираме основниот поим насилство, без да определиме што е семејно насилство како и тоа кој се може да биде жртва на семејно насилство, видовите на семејно насилство како физичко, психичко и сексуално и други видови на семејно насилство кои граѓаните многу малку ги разликуваат, кои се евидентни, но се потешки за препознавање.

### 1.1.1. Поим насилство

Во теоријата не постои единствена и општоприфатена дефиниција на поимот насилство, од што произлегува неговото различно поимовно определување, како и користењето на повеќе поими како синоними – агресија, насилничко однесување, злоупотреба итн. Од овие причини, во истражувањата во кои предмет на истражување е насилство, најчесто доаѓа до операционализација на овој поим.

### 1.1.2. Семејно насилство

Постојат повеќе дефиниции во однос на семејното насилство. Ќе наведам некои од нив. Семејното насилство претставува злоупотреба на моќта во односите засновани на нееднаквост во рамките на една семејна заедница и се определува како збир на однесувања со цел да се воспостави контрола врз другите преку примена на сила, заплашување и манипулирање. Под семејно насилство исто така се подразбира и насилство или злоупотреба од било кој вид, нанесена од еден член на семејството врз друг член, вклучувајќи злоупотреба на дете, злоупотреба на партнер или злоупотреба на старо лице. Семејното насилство се јавува кога некој се обидува да го контролира својот партнер или

другите членови на семејството на начин што го заплашува или врши притисок врз него/нив. Тоа е контролирачкото однесување кое може да вклучи закани, понижувања, емоционална злоупотреба, физички напад, сексуална злоупотреба, финансиска експлоатација и социјална изолација, како што е недозволено контакт со семејството или пријателите. Во една од пошироките дефиниции семејното насилство се дефинира како насилно или заканувачко однесување или било која друга форма на однесување, која го присилува или контролира член на семејството или предизвикува страв од член на семејството. Таквото однесување може да вклучува, но не се ограничува на:

(а) физичко насилство;

б) сексуален напад и друго сексуално навредливо однесување;

(в) економска злоупотреба:

(г) емоционална или психолошка злоупотреба;

(д) демнат;

(ѓ) киднапирање или лишување од слобода;

(е) оштетување на имотот, без оглед на тоа дали жртвата е сопственик на имотот;

(ж) предизвикување повреда или смрт на животно, без оглед на тоа дали жртвата е сопственик на животното; и

(з) однесување од страна на лицето кое го користи насилството кое предизвикува детето да биде изложено на ефектите од однесувањето наведено во (а) - (ж) погоре (In *Family Violence—A National Legal Response*, Report 114, 2010).

### 1.1.3. Пасивно насилство

Пасивното насилство е посебен вид на насилство во семејството кое не е лесно за воочување, а кое обично води кон физичко насилство.Овој вид на насилство е многу суптилен и вклучува жртвување двосмисленост, запоставување, духовна и интелектуална злоупотреба.

### 1.1.4. Социјални услуги

Социјални услуги можат да бидат јавни сервиси финансирани од Владата или приватни организации.Социјалните услуги вклучуваат бенефити како образование, храна, здравствена грижа, тренинзи за полесно пронаоѓање на работа, лобирање, политика на истражување и општествен менаџмент.Во рамки на Вебстеровиот речник социјалите услуги се дефинираат како: активност дизајнирана да промовира социјална благосостојба посебно: организирана филантропска помош (како што е советување, обука за работа или финансиска поддршка). Борнарова (2004) ги дефинира како „услуги ориентирани кон помош во задоволување на нефинансиските потреби и непреченото остварување на развојни и социјализаторски задачи. Тие понекогаш се нарекуваат лични социјални услуги (personal social services), хумани социјални услуги (human social services) или услуги за социјална нега (social care services) од причина што задоволувањето на финансиските потреби на ранливите групи граѓани е клучно за нивната сигурност, но сепак не значи неопходно обезбедување на задоволувачко ниво на социјално функционирање. И додека облиците на финансиска помош историски се делегирани на јавната социјално-заштитна мрежа, социјалните услуги ги обезбедуваат и јавни и приватни (профитни и непрофитни) организации“.

### 1.1.5. Жртва на семејно насилство

Жртва на семејно насилство е член на семејството или домаќинството кој секојдневно или повремено трпи насилство од страна на друг член од семејството или домаќинството на кое и се нанесуваат физички психички и ментални повреди.Во општеството и помеѓу граѓаните општо прифатено е и се зборува најчесто за жртви на семејно насилство – жени. Факт е дека сите статистики укажуваат на тоа дека најчести жртви на семејно насилство се жени, меѓутоа не се исклучок и мажите и децата.

### 1.1.6. Насилство врз жената

Жените се најчести жртви на семејно насилство. Вршители на овој тип на насилство се најчесто нивните сопрузи, свршеници и момчиња. Не секогаш се работи за физичко насилство. Жените изложени се на душевно и вербално насилство. Најчесто насилството кое го вршат партнерите врз своите жени е непријавено и се смета дека бројот на жртви жени на семејно насилство е многу поголем отколку што мислиме. Најшироко прифатена дефиниција во однос на насилството врз жената е дадена од страна на Обединетите Нации, во рамки на Декларацијата за елиминирање на насилството врз жените – Резолуција 48/104на Генералното Собрание, според која, насилство врз жената е секој акт на насилство, заснован на припадност на пол, кој резултира и е подобед да резултира во физичка, сексуална или психичка повреда, страдање на жените, вклучувајќи ги заканите за ваквите однесувања. Оттука, конститутивните елемени на насиcлтвото се физичкото насилство, психичкото насилство и сексуалното насилство, како извршени акти или како закани (ECE, 2000).

### 1.1.7. Насилство врз деца

Насилството врз децата претставува кога во семејството имаме насилство врз возрасен маж или жена, не е исклучено лицето кое го врши насилството да врши насилство и врз децата во семејството. Разликуваме:

- **Запоставување–** Одговорната возрасна личност не води грижа за детето и неговите потреби како за физичките (обезбедување на храна, облека и хигиена), емотивните (отсуство на љубов) така и за едукативните потреби (спречување на детето да оди на училиште).
- **Физичко злоставување–** Физичка агресија на возрасните врз детето. Вклучува тепање дрмање на детето, горење кое често се кажува дека овој тип на насилство врз децата се користи како мерка за воспитување и дисциплина кај децата.
- **Сексуално злоставување–** Било каков сексуален чин помеѓу детето и возрасната личност од семејството.

- **Душевно злоставување–** Познато и како емотивно злоставување на децата вклучува неприкладни и претерани казни, потсмевање, непокажување љубов кон детето.

#### 1.1.8. Насилство врз мажи

Иако акцент се става на жените како најчести жртви на семејно насилство, во семејството жртви на семејно насилство може да бидат и мажите.Разликуваме физичко и психичко кое се состои од постојано отфрлање и критика за неспособност.

#### 1.1.9. Насилство врз стари и изнемоштени лица

Насилството врз стари и изнемоштени лица може да биде физичко, душевно сексуално, економско насилство, напуштање и недоволна грижа за старите лица.

## 1.2 ДЕФИНИРАЊЕ НА СЕМЕЈНОТО НАСИЛСТВО

Семејното насилство е присилно контролирање на однесување кое е опасно по животот кое што ги погодува сите заедници без разлика на пол, возраст сексуална определба , раса, етничка припадност или пак социјална положба. Семејното насилство се манифестира најчесто со контрола на една личност кон друга со која најчесто се во некој близок однос или семејна врска. Законодавното право во нашата Република забранува секаков вид на насилство па така според Законот за семејство во Република Северна Македонија се забранува секаков вид на насилство меѓу членовите на семејството, без оглед на пол и возраст[1].

Семејното насилство е уредно дефинирано во македонското законодавство со Законот за семејство, Законот за превенција, спречување и заштита од семејно насилство, Законот за социјална заштита и Кривичниот Законик.

[1]Закон за семејство, Сл. весник на РСМ, бр. 153 од 20.10.2014 година, чл.94-б

Според Законот за семејство под семејно насилство се подразбира малтретирање, навредување, загрозување на сигурноста, телесно повредување, полово или друго психолошко или физичко насилство со кое се предизвикува чувство на несигурност, загрозување или страв. Семејното насилство најчесто се случува во семејната заедница било да станува збор за брачна или вонбрачна заедница во која што партнерите имаат деца, заеднички деца добиени во брак, надвор од брак, помеѓу брачните и вонбрачните партнери, постарите лица во семејството или пак помеѓу роднинските релации кои произлегуваат од семејните релации и норми. Семејството е животна заедница на родители и деца и други роднини па така семејното насилство според Законот за семејство може да биде извршено врз:

- брачниот другар, родителите или децата или други лица кои живеат во брачна или вонбрачна заедница или заедничко домаќинство,
- поранешен брачен другар или лица кои имаат заедничко дете или се наоѓаат во блиски лични односи, вклучувајќи ги односите кои настануваат со посвојувањето и старателството,
- браќа и сестри, полубраќа и полусестри,
- постарите членови во семејството или заедничкото домаќинство и лица
- членови на семејството или заедничкото домаќинство чија деловна способност е делумно или целосно одземена.

Долго време во македонското законодавството семејното насилство не се смета како посебно кривично дело, туку се санкционира преку инкриминирање на неговите поединечни облици при постоечките кривични дела. Оттука, физичкото насилство се санкционира со кривичните дела против животот и телото, психолошкото насилство се санкционира со кривичните дела против слободите и правата на човекот и сексуалното насилство се санкционира со кривичните дела против половата слобода и половиот морал. Физичките облици на семејно насилство се инкриминирани со кривичните дела убиство (чл. 123 ст.2 т.2 КЗРСМ),убиство на миг (чл. 125 КЗРСМ), телесна повреда (чл.130 ст.2 КЗРСМ) и тешка телесна повреда (чл.131 ст.2 КЗРСМ). Психолошките облици на семејното

насилство се инкриминирани со следниве кривични дела: присилба (чл.139 ст.2 КЗРСМ), противправно лишување од слобода (чл.140 ст.2 КЗРСМ) и загрозување на сигурноста (чл.144 ст.2 КЗРСМ). Облиците на сексуално семејно насилство се инкриминирани со кривичните дела: силување (чл.186 КЗРСМ), обљуба врз немоќно лице (чл.187 КЗРСМ), полов напад врз малолетник кој не наполнил 14 години (чл.188 КЗРСМ) и посредување во вршење проституција (чл.191 КЗРСМ)[2]. Но, со измените на Кривичниот законик во април, 2004 година, за првпат се инкриминира семејното насилство и се воведе казнено правна заштита за жртвите на овој вид на насилство. Согласно Кривичниот законик под семејно насилство се подразбира малтретирање, грубо навредување, загрозување на сигурноста, телесно повредување, полово или друго психичко или физичко насилство со кое се предизвикува чувство на несигурност, загрозување или страв спрема брачен другар, родители или деца, или други лица кои живеат во брачна или вонбрачна заедница, или заедничко домаќинство, како и спрема поранешен брачен другар или лица кои имаат заедничко дете, или се наоѓаат во лични блиски односи.

Согласно новиот Закон за превенција, спречување и заштита од семејно насилство, член 3 под семејно насилство се подразбира малтретирање, навредување, загрозување на сигурноста, телесно повредување, полово или друго психолошко, физичко или економско насилство со кое се предизвикува чувство на несигурност, загрозување или страв, вклучувајќи и закани за такви дејствија, спрема брачен другар, родителите или децата или други лица кои живеат во брачна или вонбрачна заедница или заедничко домаќинство, како и спрема сегашен или поранешен брачен другар, вонбрачен партнер или лица кои имаат заедничко дете или се наоѓаат во блиски лични односи, без оглед дали сторителот го дели или го делел истото живеалиште со жртвата или не (Службен весник на РСМ, бр. 138 од 17.09.2014 година).

Семејното насилство е дефинирано и во Конвенцијата на Советот на Европа која предвидува спречување и борба против насилство врз жените како и семејно

---

[2] Камбовски, Владо и Тупанчески, Никола, "Казнено право – посебен дел", 2 Август Штип, Скопје, 2011.

насилство. Според оваа Конвенција „семејно насилство“ ги означува сите акти на физичко, сексуално, психичко односно економско насилство што се случуваат во рамките на семејството или домаќинството односно помеѓу поранешни или сегашни сопружници или партнери, без оглед дали сторителот го дели или го делел истото живеалиште со жртвата или не[3].

Арнаудовски, поимот на семејно насилство го дефинира како насилство во семејството. Така, „насилство во семејството претставува континуирана примена на физичка и психичка сила спрема членовите на семејството со загрозување и повредување на чувството на сигурност и односите на доверба, исполнување контрола и надмоќ над членовите на семејството, без оглед на тоа дали таквото поведение во кривичното законодавство е предвидено како казниво дело и дали сторителот на делото е пријавен на органите на прогонот“[4].

Во контекст на кривичните постапки против сторители на кривично дело на семејно насилство, поднесени барања за поведување прекршочна постапка со елементи на семејно насилство во 2014 година се вкупно 80 против 80 лица од кои 82 се мажи и 4 се жени, а пак во 2015 година до месец јули поднесени се вкупно 177 барања против 180 сторители од кои 169 се мажи и 11 се жени. Овие податоци се однесуваат на сторители на територија на Град Скопје.

### 1.2.1. Дефинирање на физичко, психичко, сексуално и економско насилство како облици на семејно насилство

Првичните дефиниции за семејно насилство се фокусираа на акти на физичко насилство врз жените од страна на нивните брачни другари или партнери.

---

[3]Конвенција на Советот на Европа за спречување и борба против насилството врз жените и домашното насилство, Истанбул, 11.V.2011, www.coe.int/conventionviolence.
[4]Арнаудовски, Љупчо, „Криминологија“, 2 Август С Штип, Скопје, 2007, стр.348.

Подоцнежните истражувања, ја проширија дефиницијата, па ги вклучија сексуалната злоупотреба, силување во брак и акти на емоционално или психолошко насилство. Феминистите гледаат на проблемот како на присилна контрола врз жените од страна на нивните партнери. Присилбата може да биде физичка, емоционална или сексуална[5]. Оттука, иако, различни теоретичари даваат различни класификации, како најзначајни видови на семејно насилство се издвојуваат: физичкото, сексуалното и психичкото насилство. Покрај овие видови на семејно насилство се истакнуваат уште и емоционалното насилство како подвид на психичкото насилство и економското насилство.

### 1.2.2. ФИЗИЧКО НАСИЛСТВО

Истражувањата како форми на физичко насилство ги препознале: удирање, шлаканици, боксирање, штипење, удар со колено, грубо потегнување, врзување, затворање, тргање за коса, давење, горење, попарување, убод, силување, употреба на сила и присилување на жената на сексуален однос, употреба на оружје, фрлање предмети, чување на оружје кое ја плаши, кршење мебел, уништување на нејзините ствари, кинење или уништување на облека. Физичкото насилство претставува најеклатантен пример на насилство што се врши врз жените кое за разлика од психичкото и сексуалното насилство, најчесто е видливо и забележливо за другите луѓе. Физичкото семејно насилство претставува „употреба на физичка сила или закана дека ќе биде употребена физичка сила спрема брачниот или вонбрачниот партнер или спрема некој друг член на семејството"[6]. „Овој облик на насилство во нашата земја најчесто се изразува преку удирање шлаканици (87.5%), закани за употреба на физичка сила (70.1%), зграпчување и туркање (63.9%). Но, физичкото насилство е изразено и низ многу тешки облици на клоцање, гризење, попарување итн."[7]. Физичкото насилство

---

[5]Gelles, J. Richard "Family Violence" in "The Handbook of Crime and Punishment" ed. Tonry Michael, Oxford University Press, 1998.

[6] Чачева, В., „Истражување семејно насилство 2000", Меѓуцрковна организација за развој и соработка – ИЦЦО Скопје, 2000 год., стр. 29

[7] Чачева, В., Фришчиќ, Ј., Мишев, С., „Живот во сенка", Семејно насилство врз жените, истражувачки резултати, Здружение за еманципација, солидарност и еднаквост на жените на РСМ-ЕСЕ, Скопје, 2006, стр. 6.

опфаќа и гаѓање со различни видови предмети, кубење за коса, изгореници, давење, како и нанесување на физички повреди, на било каков начин од страна на некој член на семејството. „Физичкото насилство може да оди до обид за убиство или убиство”[8]. Физичкото насилство, сепак, не е најчестиот облик на семејно насилство. Според истражувањата во Република Северна Македонија на ниво на целата територија на државата, секоја 4-та жена барем еднаш во животот била жртва на семејно насилство од ваков вид[9].

### 1.2.3. ПСИХИЧКО НАСИЛСТВО

Како најчести форми на психичко и емоционално насилство се јавуваат:

- контрола врз жената - контрола на нејзиното движење, контрола врз нејзините персонални контакти, севкупна контрола врз семејниот буџет;
- изолација - забрана на контакти со семејството, роднините, пријателите, навредливи коментари за пријателите, забрана за работа надвор од домот;
- љубомора и посесивност;
- однесувања што предизвикуваат емоционални и психички маки и страдања на жената: вербално агресивно однесување (однесувања што се понижувачки за жената), викање, пцуење, грубост, повишување на глас, критика, давање на погрдни имиња, подсмев, обвинување, понижување,
- целосна послушност од страна на жената - зборот на мажот е секогаш последен;
- заструшување - стоење на врата додека се караат, закани, користење телесната надмоќ за застрашување, брзо возење, недозволено допирање, покривање на устата да престане да зборува;

---

[8] Михов, С., Фришчиќ, Ј., “Водич за постапување на професионалните структури при заштита од семејно насилство во казненоправниот систем” , Здружение за еманципација, солидарност и еднаквост на жените на РСМ-ЕСЕ и Здружение на граѓани Акција Здруженска Скопје, Скопје, 2008, стр. 13.

[9] Извештај од извршено теренско истражување, “Семејно насилство”, Здружение за еманципација, солидарност и еднаквост на жените во Република Северна  Македонија ЕСЕ, Скопје, 2010, стр. 24.

- закани со насилство - вербално или невербално, залетување со глава во ѕид или закана дека ќе изврши самоубиство;
- вознемирување - неочекувани посети и повици, закана, проверување, нереагирање на барањето да излезе од соба, итн.

### 1.2.4. СЕКСУАЛНО НАСИЛСТВО

Сексуалното насилство, пак, опфаќа: присила на сексуален однос, обид за присила или друг вид на сексуална активност, сексуално вознемирување, на пр.,дофрлање, било кој облик на сексуална активност (на пр. допирање, милување, љубење) против волјата на другата личност, присилување на секс, силување) и сл. Сексуалното насилство, најчесто е комплементарно на физичкото насилство и најчесто се случуваат истовремено. „Сексуално насилство и сексуална злоупотреба подразбира секој сексуален контакт со лицето жртва (допирање, милување на несоодветни места), подведување на проституција, несакан полов однос, полов однос пред дете и покажување на интимните делови на делото пред дете” [10]. Под сексуално насилство се подразбира и силувањето во брак. Потоа, понижувачкиот сексуален однос, подведувањето и присилувањето на гледање на порнографски филмови.

### 1.2.5. ЕКОНОМСКО НАСИЛСТВО

Економското насилство подразбира правење или обид жртвата да се направи финансиски зависна, на пример: одржување на целосна контрола над финансиските ресурси, вклучувајќи го приходот што го заработува жртвата или средствата добиени преку социјална помош, задржување на пари и/ или пристап до пари, сторителот ѝ забранува на жрвата да посетува училиште, да

[10] Дукас, Д., Коцева, А., Качанска, Б., “Семејно насилство-Брошура”, Организација на жените на Општина Свети Николе, Свети Николе, 2010, стр. 6.

се вработи, ја малтретира на работа, бара од жртвата да се оправда за сите потрошени пари, итн[11]. Финансиската злоупотреба е една форма на контрола што ја користат сторителите на семејно насилство со цел да стекнат моќ над партнерот. Финансиската злоупотреба може да има различни форми, но сите се во насока на ограничување и контролирање на тековните и идните активности на партнерот и слободата на избор. На пример, сторителот може да стори едно или повеќе од следново: се меша во нејзиното вработување, образование или обука: на пример, ја спречува жртвата да работи или да се образува; или, напротив, инсистира таа да работи, но, ги присвојува нејзините приходи; врши контрола на пристапот до сите финансии во домаќинството (вклучувајќи ги и нејзините приходи/ бенефиции): на пример, врши контрола на банкарските сметки, кредитните картички, бенефициите, итн., не давајќи ѝ пари, и/ или ѝ ги одзема нејзините сопствени пари/ средства (вклучувајќи ги и парите за секојдневните трошоци во домаќинството, нејзините заштеди или други лични пари); инсистира жртвата да дава сметки за секој потрошен денар; краде од неа и ги користи парите за себе, или ги префрла заедничките средства на сопствено име; одбива да придонесува за заедничките трошоци во домаќинството, вклучувајќи ги редовните плаќања на сметките и покрај тоа што презел одговорност за нив, или прави долгови во име на жрвата или на заедничко име - понекогаш без нејзино знаење (на пример, сметки за комуналии за кои жртвата мисли дека ги има платено); инсистира жртвата да подигне кредити во нејзино име, или ја принудува да подигне кредити иако таа смета дека истите не можат да ги отплатат; ја тера жртвата да преземе активности кои се нечесни, нелегални или против нејзиното чувство за исправно и погрешно, на пример, да бара бенефиции иако не и припаѓаат, да прави измами со електрична енергија, да се занимава со проституција, кражби по продавници, итн[12]. Честопати многу е тешко жртвите да ја препознаат злоупотребата која е од економска или финансиска природа: тоа може да се развие полека и подмолно, така што она што на почетокот може да се смета за заштитнички

[11] http://www.woodbridgedvrt.org/pages/fiveforms.html.

[12] http://www.victimsofcrime.vic.gov.au/home/a+crime+is+committed/types+of+crime/family+violence/.

став на сторителот спрема жртвата, може да прерасне во апсолутна контрола без можност за било каква независност на жртвата. На пример, потенцијалниот сторител може да се користи со изјави од типот: „Јас ќе се погрижам за сите сметки - не ти треба банкарска сметка“ или „Јас заработувам доволно за двајцата нас, така што ти не треба да работиш. Јас ќе се грижи за тебе.“ И жртвата и издржуваните лица ова не го нарекуваат злоупотреба. Оттука, многу жени живеат на овој начин со години, додека не сфатат дека се финансиски и економски злоупотребени[13].

[13]http://www.victimsofcrime.vic.gov.au/home/a+crime+is+committed/types+of+crime/family+violence/

## 2. СИСТЕМ НА ЗАШТИТА ОД СЕМЕЈНОТО НАСИЛСТВО

Во Република Северна Македонија системот на заштита од семејно насилство го сочинуваат две целини:

- Граѓанско-правниот систем на заштита

Во рамки на граѓанско-правниот систем на заштита се регулирани привремените мерки со цел обезбедување на брза и сигурна заштита на жртвите од семејно насилство. Надлежни институции што го реализираат граѓанско-правниот систем на заштита се Министерството за труд и социјална полтика, кое преку Центрите за социјална работа има посебни надлежности во превенција и постапување во однос на семејното насилство, Министерството за внатрешни работи, Министерството за здравство, образовните институции, невладиниот сектор и граѓанскиот суд.

- Казнено-правниот систем на заштита

Овој систем на заштита има за цел да го санкционира насилното однесување во рамките на семејството и да предвиди пропишување на казни за кривичните дела што се сторени при вршење на семејно насилство. Надлежни институции што го реализираат казнено-проправниот систем на заштита се јавните обвинителства и кривичните судови во РСМ(Практикум за постапување во случај на семејно насилство, 2012).

### 2.1 .Постапување на Министерството за труд и социјална политика во случај на семејно насилство

Министерството за труд и социјална политика, донесува прописи од своја надлежност и ја следи нивната имплементација, го воспоставува, развива и унапредува системот на заштита од семејно насилство. Заштитата во рамки на системот на социјална заштита во однос на семејното насилство се обезбедува преку:

- Центрите за социјална работа (30)
- Центрите за жртви на семејно насилство
- Здруженијата што спроведуваат одредени мерки на заштита
- Советувалишта за психосоцијален третман за жртви на семејно насилство

- Советувалишта за спроведување на третман на извршители на семејно насилство.

Согласно поставеноста на системот на социјална заштита во Република Северна Македонија, вонинституционалната заштита се остварува во или преку Центарот за социјална работа и опфаќа: прва социјална услуга на корисници на социјална заштита, помош на поединец, помош на семејство, организирано живеење со поддршка, домашна нега и помош на поединец и на семејството, дневно и привремено прифаќање и згрижување како помош на поединец и семејство, сместување во згрижувачко семејство, сместување во мал групен дом, и организирано живеење со поддршка.

Жртвите на семејно насилство се наведуваат како корисници на дел од горе наведените услуги. Правото на прва социјална услуга на корисниците на социјална заштита, опфаќа воочување на проблемот кој произлегува од состојба на социјален ризик, укажување на корисникот на можните решенија, услуги и средства за негова заштита, како и за мрежата на установи надлежни за давање на услуги. Во рамки на помошта на поединец која ја нуди Центарот за социјална работа се обезбедува примена на форми на стручна, советодавна или советувалишна работа, со која на корисниците, жртви на семејно насилство им овозможува стекнување на потребни информации, оспособување за самостојно одлучување, зачувување и развој на социјалните потенцијали. Правото за користење на услугата на помош на семејството опфаќа стручна помош на членовите на семејството да ја надминат семејната криза во брачните односи, а особено во односите родители-деца, како и оспособување на тоа семејство да ги остварува своите функции во секојдневниот живот. Правото за користење на услугата на дневно згрижување во дневен центар покрај другите ризични категории се обезбедува и на жртва на семејно насилство и жртва на трговија со луѓе. Помошта во дневно згрижување за лицата, односно дневно и привремено прифаќање и згрижување за лицата, се обезбедува и тогаш кога тие живеат во семејство.Правото на сместување во згрижувачко семејство, покрај другите категории, се обезбедува за децата со воспитно-социјални проблеми (злоставувано, занемарено и социјално необезбедено дете) и дете жртва на семејно насилство кои поради станбената и семејната положба нема можност да му се обезбеди заштита на друг начин. Право на користење на услугата на живеење во мал групен дом има дете без родители или без родителска грижа,со воспитно-социјални проблеми, кое нема соодветни услови за живеење во своето

семејство, кое нема семејство или од други причини му е потребно сместувањето во мал групен дом. Исто така, право на организирано живеење со поддршка ја опфаќа категоријата на деца со воспитно-социјални проблеми. Нивото на поддршката се определува во согласност со потребите, видот и степенот на попреченоста на корисникот.

## 2.2. УЛОГАТА НА ЦЕНТАРОТ ЗА СОЦИЈАЛНА РАБОТА ВО ПРЕВЕНЦИЈА И ЗАШТИТА ОД СЕМЕЈНО НАСИЛСТВО

Согласно законската регулатива, центарот за социјална работи и функционира како стручна установа со јавни овластувања заради вршење работи од социјалната заштита.

Како јавни овластувања, центарот за социјална работа ги врши следните работи:

- решава за правата од социјална заштита,
- решава за работите утврдени со семејно-правните прописи,
- постапува по работите утврдени со кривично-правните прописи,
- врши други работи утврдени со закон.

При спроведување на социјалната заштита и стручната работа, центарот:

- открива, следи и проучува социјални појави и проблеми,
- применува и спроведува соодветни облици на социјална заштита и непосредно помага на граѓанин, семејство или група на население,
- ја развива превентивната работа,
- развива и спроведува вонинституционални облици на социјална заштита,
- поттикнува, организира и координира волонтерски на граѓани, нивни здруженија, хуманитарни организации, организации во спроведување на програми за социјална заштита,
- врши и други работи утврдени со закон.

Социјалната заштита која ја нудат центрите за социјални работи во однос на семејното насилство опфаќа широк спектар на мерки, кои помагаат да се разрешат конфликтите во семејството.Овие мерки се остваруваат преку давање

најразлични облици на подршка и советување на лицата кои се непосредно изложени на насилство.

Центарот за социјална работа кога ќе дознае дека постои опасност од семејно насилство, злоупотреба на родителското право или опасност од грубо занемарување на родителските должности, должен е веднаш да преземе мерки за заштита на личноста, правата и интересите на жртвата на семејно насилство, а освен ако се работи за дете како жртва на семејно насилство.  Имено, согалсно Законот за семејство, член 94-г,Центарот за социјална работа секогаш кога има сознание дека над лице е сторено семејно насилство, сам или на барање на лицето или член на неговото семејство презема мерки на заштита на жртвата на семејно насилство[14]. Центарот за социјална работа секогаш кога има сознанија дека постои семејно насилство врз малолетно дете или лице со ограничена или одземена деловна способност презема мерки за заштита.Центарот за социјална работа сознанијата за семејно насилство ги добива од граѓани, службени и правни лица, кои се должни без одлагање да го известат центарот за таквите сознанија. Службените лица како и правните лица кои превземаат дејствија во врска со пријава на семејно насилство и при тоа превземаат одредени дејствија за да се утврди пред се семејното насилство, жртвата, сторителот и понатамошните дејствија за заштита, превенција и спречување од истото, се должни да изготват документација за превземените дејствија. Документите кои службените лица ги изготвуваат се записник, изјава од сведок, наоди од лекар и друго. Најдоцна во рок од 72 часа овие документи се изготвуваат и се доставуваат до надлежен центар за социјална работа.

Кога центарот за социјална работа има сознанија за сторено насилство врз одредена личност,  центарот е должен да превземе одредени дејствија и мерки кои што се утврдени со закон.

Центарот за социјална работа секогаш кога има сознанија дека постои семејно насилство ги презема следниве мерки на заштита:

---

[14]Закон за семејство, Сл. весник на РСМ, бр. 153 од 20.10.2014 година, чл.94-г

1) обезбедува нужно сместување за лицето - жртва на насилството, кое може да трае најмногу шест месеци, со можност за продолжување за уште шест месеци;

2) обезбедува соодветна здравствена заштита;

3) обезбедува соодветна психо-социјална интервенција и третман;

4) ги упатува во соодветно советувалиште;

5) доколку во семејството има дете кое е на редовно школување, помага за продолжување на редовното образование;

6) го известува органот за прогон;

7) дава секаков вид на правна помош и застапување;

8) покренува постапки пред надлежниот суд и презема мерки кои произлегуваат од односите меѓу родители и деца;

9) по потреба поднесува барање до судот за изречување на привремена мерка за заштита и

10) презема други мерки за кои ќе оцени дека се неопходни за решавање на проблемот.

Центарот за социјална работа е тој кој што поднесува предлог до надлежен суд за превземање на мерки за заштита од семејно насилство. Овој предлог центарот го доставува до надлежен суд по претходна утврдена фактичка состојба дека настанало семејно насилство, постојат жртви од истото, сторители како и според степенот на ризик, интензитет на семејното насилство како и утврдување на опасноста по животот на жртвата од семејно насилство.

Центарот за социјална работа ќе поднесе предлог за изречување на привремена мерка за заштита од семејно насилство до судот за малолетни и деловно неспособни лица секогаш кога родителот, старателот или законскиот застапник тоа нема да го сторат. Центарот за социјална работа, предлогот од ставот 2 на овој член, за полнолетни и деловно способни лица, ќе го достави до судот, само со согласност на жртвата на семејното насилство. Центарот за социјална работа кон предлогот од членот 94-д на овој закон доставува записник и

извештај за преземените дејствија, во кој може да даде и предлог за изречување на привремена мерка со предлог на мерка[15].

По добиен предлог за изрекување на мерки за заштита од семејно насилство од страна на центар за социјална работа до надлежен суд, надлежниот суд е должен да превземе мерки за изрекување на мерки на сторители на кривично дело – семејно насилство.

Постапката за одредување на мерка е иста како претходно наведената, односно надлежниот центар за социјална работа дава предлог до надлежен суд за изрекување на некоја од мерките за сторители. Центарот за социјална работа го следи извршувањето на изречената мерка и за текот на спроведувањето на мерката го известува судот на негово барање[16]. Изречените мерки можат да се менуваат, укинуваат предвреме доколку се увиди дека изречената мерка ја постигнала својата цел. Па така доколку една изречена мерка како забрана да се приближува до живеалиштето, училиштето, работното место или определено место кое редовно го посетува друг член на семејството, сторителот истата ја почитува, се придржува до неа, не ја вознемирува жртвата и се гледаат резултати од изречената мерка, самата жртва може да поднесе барање за укинување на мерката како и надлежниот ЦСР. Исто така доколку од една изречена мерка нема никаков резултат, не се согледуваат промени во настанатата состојба на семејно насилство, жртвата или ЦСР може да поднесе предлог до надлежниот суд за промена на изречена мерка односно да се изрече друга мерка и да се замени со веќе изречената.Во спроведување на заштитните мерки центарот за социјална работа соработува со граѓани, правни лица и организации[17].Министерот за труд и социјална политика го пропишува начинот на спроведување и следењето на изречените мерки за заштита на семејството и лицата жртви на семејно насилство преземени од центарот за социјална работа и за начинот на следење на привремените мерки изречени од судот.

[15] Закон за семејство, Сл. весник на РСМ, бр. 153 од 20.10.2014 година, чл.94-ѓ
[16] Закон за семејство, Сл. весник на РСМ, бр. 153 од 20.10.2014 година, чл.94-ѕ
[17] Закон за семејство, Сл. весник на РСМ, бр. 153 од 20.10.2014 година, чл.94-ј

## 2.3. Казнено-поправниот систем на заштита од семејно насилство

Надлежни институции што го реализираат казнено-пропрaвниот систем на заштита се јавните обвинителства и кривичните судови во Република Северна Македонија. Првичната заштита се остварува со поднесување записник за прием на кривична пријава до Министерството за внатрешни работи или до надлежното Основно јавно обвинителство, што во рамките на своите законски овласутвања мериторно одлучуува и иницира постапки пред надлежен кривичен суд (Практикум за постапување во случај на семејно насилство, 2012).

Надлежниот суд на сторителот на семејното насилство може да му ги изрече следниве привремени мерки на заштита[18]:

1) забрани да се заканува дека ќе стори семејно насилство;

2) забрани да малтретира, вознемирува, телефонира, контактира или на друг начин комуницира со член на семејството, директно или индиректно;

3) забрани да се приближува до живеалиштето, училиштето, работното место или определено место кое редовно го посетува друг член на семејството;

4) одреди отстранување од домот без оглед на сопственоста, до донесување на конечна одлука од надлежниот суд;

5) забрани да поседува огнено или друго оружје или истото да му биде одземено;

6) го задолжи да ги врати предметите кои се потребни за задоволување на секојдневните потреби на семејството;

7) изрече задолжително издржување на семејството;

8) нареди тужениот да посетува соодветно советувалиште;

9) нареди задолжително лекување, доколку е корисник на алкохол и други психотропни супстанции или има некое заболување;

10) го задолжи да ги надомести медицинските и другите трошоци настанати од семејното насилство и

---

[18]Закон за семејство, Сл. весник на РСМ, бр. 153 од 20.10.2014 година, чл.94-е

11) изрече која било друга мерка која судот ќе ја смета за неопходна за да се обезбеди сигурност и добросостојба на другите членови на семејството.

Предлог за изрекување на привремена мерка може да се поднесе без оглед дали се води кривична постапка[19]. Родител, старател или законски застапник може да поднесе предлог во име на малолетно дете и лице со ограничена или одземена деловна способност, како и за лице над кое е продолжено родителското право. Привремената мерка за заштита од семејно насилство може да трае најмалку три месеци, а најмногу една година[20].

Мерките за заштита од семејно насилство кои ги изрекува надлежен суд можат да бидат продолжени по истекот од една година доколку насилството продолжува и понатака.

## 2.4. УЛОГАТА НА ГРАЃАНСКИТЕ ОРГАНИЗАЦИИ ВО ЗАШТИТА НА ЖРТВИ НА СЕМЕЈНО НАСИЛСТВО

Години наназад, граѓанските организации се носители, а понекогаш и единствени обезбедувачи на услуги и поддршка на лицата кои се нашле во ситуација на семејно насилство. Историски, граѓанските организации играат значајна улога во водењето на јавни кампањи за подигањето на општествената свест во однос на проблемот со семејното насилство. Тие исто така играат значајна улога во правењето на притисок за креирање јавни политики за превенирање и надминување на овој вековит проблем. Токму, под влијание на граѓанските организации се донесени бројни меѓународни документи во доменот на човековите и правата на жените и детето. Владите на многу земји, беа изложени на меѓународен притисок за ратификување и примена на овие документи, но и за воспоставување на еден партнерски однос со граѓанските организации во плуралниот пристап во борбата против семејното насилство.

[19]Закон за семејство, Сл. весник на РСМ, бр. 153 од 20.10.2014 година, чл.94-ж
[20]Закон за семејство, Сл. весник на РСМ, бр. 153 од 20.10.2014 година, чл.94-з

Во Република Северна Македонија покрај центарот за социјална работа како државна институција која што е надлежна за превземање на мерки за заштита и превенција од семејно насилство, заштитата на жртвите на семејно насилство може да биде обезбедена и од страна на граѓанските здруженија кои се регистрирани за остварување на цели и задачи во областа на социјалната заштита, самостојно или во соработка со центарот за социјална работа.

Министерството за труд и социјална политика, Министерството за здравство, Министерството за образование и Министерството за внатрешни работи заедно со граѓанскиот сектор во соработка превенираат од семејно насилство. Граѓанскиот сектор може да ги остварува задачите од превенирање, ресоцијализација, психосоцијана поддршка, згрижување, обезбедување на привремен престој во шелтер центри, придружба до институции каде што жртвите имаат потреба, делуваат во вклучување на жртвите во пазарот на трудот и слично. Исто така дури од неодамна граѓанскиот сектор делува во ресоцијализација на сторители на жртви на семејно насилство преку Прв Семеен Центар.

Со делување на граѓанските здруженија во борба против семејно насилство како и заштита на жртвите на семејно насилство произлегува и потреба од уредување на начините и начинот на користење на механизмите со кои што граѓанските здруженија ќе се користат во спречување и превенција од семејно насилство. Па така со согледување на оваа потреба од регулирање во формален документ на се она што ќе значи одговорност, задачи и обрски на граѓанскиот сектор во поглед на нивната примарна цел – заштита и помош на жртви на семејно насилство се носи Протокол за меѓусебна соработка на надлежните институции и здруженија за заштита и спречување од семејно насилство.

Примарната, секундарната и терцијалната превенција е главната насока и цел на граѓанските организации спрема жртвите на семејно насилство. Првично и најбитно е жртвите да се заштитат, а подоцна и да им се обезбеди психосоцијална поддршка. Заштитата кон жртвата од страна на граѓанските организации делува најпрво од реагирање по сознанието дека имаме жртва на семејно насилство било

да имаат сознание од самата жртва која се обратила до организацијата или пак во соработка со центарот за социјална работа. Организациите кои што имаат шелтер центри се должни доколку жртвата се наоѓа во животна загрозувачка ситуација која што е настаната со чинот на семејното насилство истата да ја згрижат и да и обезбедат кризно згрижување. За време на престојот постојано се следи жртвата и и се дава психосоцијална поддршка. Протоколот за соработка уредно ги дефинира сите претходно изнесени согледувања. Покрај ова граѓанските организации координираат со локалната самоуправа и надлежните институции.

Граѓанските организации се должни да ги известат сите институции кои се надлежни за постапување по однос на семејно насилство. Известувањето се однесува во врска со постапувањето со жртвата. Односно доколку една граѓанска организација прими/згрижи жртва во шелтер центар е должна да го извести надлежниот ЦСРили пак полиција.

Жртвата има право со последните законски измени самата да побара од судот да изрече мерки против сторителот. Ако предлогот мерки не ги достави центарот за социјална работа до судот тогаш граѓанските организации кои што нудат бесплатна правна помош како Хелсиншкиот комитет за човекови права, ЕСЕ или пак Здружението на млади правници, жртвата правно застапувана од нивна страна има право преку правен застапник да поднесе барање за изрекување на мерки. Застапувањето на жртвата е регулирано со Законот за бесплатна правна помош.

Граѓанскиот сектор делува во подигање на свеста на населението за пријавување на семејното насилство. Освен со кампањи и програми кои што ги водат и донесуваат организациите, граѓанскиот сектор соработува со сите надлежни институции. На пример соработува со надлежна инситутција центар за социјална работа кога центарот има потреба од згрижување на жртва по претходна констатција на семејно насилство, центарот бара згрижување за кое што надлежната граѓанска организација е должна да постапи. Доколку преку СОС линија организцијата добие анонимен повик за семејно насилство, организацијата е должна да соработува со МВР на начин што ќе ги извести за дојава за жртва на

семејно насилство или згрижување по барање на самата жртва по утврдена фактичка сосотјба за настанато семејно насилство. Со Протоколот утврдени се и следниве дејствија на граѓанските организации:

- Анонимноста е загарантирана на жртвата по пријавување на семејно насилство на СОС линија;
- Доколку истото е пријавено на СОС линија се постапува само по барање на жртвата;
- Пријавува случаи од семејно насилство на МВР и центар за социјална работа;
- Доколку згрижува жртва и обезбедува сместување, хигиенски пакет, храна, облека, отвара досие стручно лице и го следи случајот;
- Врши идентификација и откривање на случаи од семејно насилство;
- За време на водење на случајот контактира со надлежни институции;
- Ја упатува жртвата до месно надлежен центар за социјална работа;
- Ја придружува жртвата до надлежни институции;
- Доколку организацијата не нуди бесплатна правна помош е должна да ја извести жртвата за друга организација која што го нуди бесплатна правна помош;
- Прави проценка на жртвата и дава психосоцијална поддршка;

Во погоре споменатиот текст се наведе дека граѓанските организации според Протоколот сместуваат жртви на семејно насилство за кои што организации се надлежни. Шелтерот работи во рамките на граѓанската организација.

Доколку граѓанската организација сместува жртва на семејно насилство по барање на самата жртва, организацијата најпрво врши првичен разговор/интервју со жртвата и ја утврдува фактичката состојба. Во овој случај е должна да ја извести полицијата. По вршење на формалниот дел (сместување, записник од полиција, отварање на досие, утврдување на фактичка состојба...) претставник од организацијата го известува месно надлежниот Центар за социјална работа и врши упатувања на жртвата до други соодветни институции/организации. Исто така надлежно лице ( социјален работник или психолог) од организацијата

изготвува индивидуален план за понатамошно постапување со жртвата за нејзина ресоцијализација и интеграција на жртвата. Соработува со Агенцја за вработување и посредува во доквалификација/преквалификација на жртвата преку курсеви и слично со цел вработување доколку е потребно.

## 3. Тврда и мека легислатива со која се регулира семејното насилство

Закони во кои се дефинира и уредува проблемот на семејно насилство се Кривичниот законик, каде семејното насилство се смета за криминално дело. Во Кривичниот законик на Република Северна Македонија семејното насилство подразбира малтретирање, грубо навредување, загрозување на сигурноста, телесно повредување, полово или друго психолошко или физичко насилство, со кое се предизвикува чувство на несигурност, загрозување или страв, спрема брачниот другар, родителите, децата или други лица што живеат во брачна или вонбрачна заедница или заедничко домаќинство, како и спрема поранешен брачен другар или лица кои што имаат заедничко дете или се наоѓаат во блиски лични односи.[21]

Со законодавната реформа од 2004 година кога за прв пат семејното насилство наоѓа место на регулирање во овој Законик, се дефинира дека ќе се води кривична постапка доколку на жртвата на семејно насилство и се нанесува повреда против нејзиниот живот и тело, се санкционира лишувањето од живот на жртвата при извршено семејно насилство, се санкционира оштетувањето на телесниот интегритет или пак доколку со тешка телесна повреда и тешка телесна душевна навреда се нанесе на жртвата на семејно насилство тешко оштетување и нарушување на нејзинот интегритет, исто така со овој Законик се регулира казнувањето. На овој начин се регулираат и санкционираат кривичните дела сторени од насилникот кон жртвата на семејно насилство – физичко насилство. Делата пак сторени кон жртвата од страна на насилникот по пат на психичко насилство, овој Законик ги третираат присилбата, противправното лишување од слобода и загрозување на сигурноста. Сексуалното насилство се санкционира исто така во овој Законик и тоа значи дека секој кој ќе стори силување, обљуба врз немоќно лице, полов напад врз дете и посредување во вршење на проституција.

[21] Кривичен Законик на Република Северна Македонија, член 122, став 19, Слжбен весник19/04

Законот за семејство пак, обезбедува заштита на жртвата и на сите членови од семејството кои што се секундарни жртви на семејно насилство. Па така со Законот за семејство се регулира заштитата врз жртвата, се обезбедува сигурност, стремење кон недозволување да се случи повторно насилство. Со овој Закон и се обезбедуваат на жртвата услови за нејзина интеграција и реинтеграција во општеството по претрпените трауми од семејното насилство. Ова се некои од мерките на заштита кои што се предвидени во овој Закон.

Во претходниот текст од овој труд се дефинира семејното насилство според Законот за семејство и Кривичниот законик во поширока рамка. Овој текст е интро за натамошниот текст кој што следи за Законот за превенција, спречување и заштита од семејното насилство.

Во септември 2014 година, за прв пат македонското законодавство познава закон со кој се регулира превенцијата, заштитата и спречувањето од семејно насилство. Законот за спречување, превенција и заштита од семејно насилство почнува да се применува од 01.05.2015 година.

Во Република Северна Македонија донесени се две национални стратегии за спречување и заштита од семејно насилство. Првата е донесена за периодот од 2008-2011 година, а пак втората е донесена за перидот од 2012-2015 година. После донесување на втората стратегија повеќе се немаат донесено нови стратегии.

## 3.1. ЗАКОН ЗА ПРЕВЕНЦИЈА, СПРЕЧУВАЊЕ И ЗАШТИТА ОД СЕМЕЈНО НАСИЛСТВО

Ако до пред некоја година за семејното насилство се говореше само во Законот за семејство, Законот за социјална заштита и Кривичниот законик подоцна се согледува потребата од формирање на закон во кој целосно ќе се опфати и уреди постапувањето на институциите и граѓанските организации како и

министерствата за постапување во случај на семејно насилство, заштита на жртвите и постапување со сторителите на семејно насилство.

Законот за превенција, спречување и заштита од семејно насилство се носи во Септември 2014 година по претходно гласање на седница на Собранието на Република Северна Македонија. Почнува да се применува од 01.05.2015 година.

Со Законот за превенција, спречување и заштита од семејно насилство, се уредува одговорното и должно постапување на институциите и здруженијата, нивната меѓусебна координација и соработка, заради превенирање и спречување на семејното насилство и обезбедување на заштита на жртвите .Цел на законот е преземање на мерки насочени кон превенција и заштита на жртвите на семејно насилство, почитување на основните човекови слободи и права, живот, личен интегритет, недискриминација и родова еднаквост, со должно внимание на интересите и потребите на жртвата . [22]

За прв пат во Република Северна Македонија семејното насилство се става ,,под лупа'' на нашето законодавство со семејно законодавна реформа во 2004 година. Овие промени во поглед на семејното насилство се бележат во Кривичниот Законик. Тука за прв пат на иституциите кои што работат со жртвите на семејно насилство како и граѓанските организации им се дава слободен простор за градење на законодавна и координативна рамка во која што би се вградило се она што претставува поим за семејно насилство, нивно дефинирање, дефинирање на жртви, сторители, начин на постапување, превенција, правна помош, здравствена заштита, интеграција во општеството, доквалификација на жртва, превентивни мерки и механизми на локалната заедница и општество за искоренување и превенирање од семејно насилство.Со Законот за превенција, спречување и заштита од семејно насилство јасно после скоро десет години се става на хартија постапувањето на владините институции и граѓанскиот сектор во постапување со жртвите, нивната меѓусебна соработка и координација, заштитата и превенирањето кои што ја вршат во постапување по семејно насилство.

---

[22]Закон за превенција, спречување и заштита од семејно насилство, сл.весник бр. 138 од 17.09.2014, чл.1 и член 2

Со носењето на овој закон се дава една сеопфатна дефиниција која што нагласува што се подразбира под поимот семејно насилство, спрема кого може да биде насочено семејното насилство и што истото вклучува. Па така истата по член гласи вака:

Под семејно насилство се подразбира малтретирање, навредување, загрозување на сигурноста, телесно повредување, полово или друго психолошко, физичко или економско насилство со кое се предизвикува чувство на несигурност, загрозување или страв, вклучувајќи и закани за такви дејствија, спрема брачен другар, родителите или децата или други лица кои живеат во брачна или вонбрачна заедница или заедничко домаќинство, како и спрема сегашен или поранешен брачен другар, вонбрачен партнер или лица кои имаат заедничко дете или се наоѓаат во блиски лични односи, без оглед дали сторителот го дели или го делел истото живеалиште со жртвата или не .[23]

Со давање на ваква широка и обемна дефиниција за семејното насилство и уредување на истата во законодавна рамка се прошируваат, дополнуваат, се зголемуваат сите до сега дадени дефиниции во законски рамки за семејното насилство.

Заштитата на жртвите долго време се обезбедувала со привремените мерки за заштита на жртвите уредени со Законот за семејство кои што имаат привремен и итен карактер. Во процесот на следење на законските имплементации во поглед на семејното насилство произлегува потреба која што е иницирана од Министерството за труд и социјална политика како и граѓанските организации кои работат на оваа проблематика за измени во Законот за семејство. Па така во 2007 година со предлог и дополнување и измени на Законот за семејство се услогласува дефиницијата за семејно насилство со Кривичниот Законик , се дефинира дека граѓанските организации односно невладиниот сектор кој се занимава со оваа проблематика можат да обезбедуваат мерки за заштита на жртви на семејно насилство како и дефинирана должност на истите кои што ќе

---

[23]Закон за превенција, спречување и заштита од семејно насилство, сл.весник бр. 138 од 17.09.2014, чл.3

превземат дејствие за заштита од семејно насилство да го известат надлежниот центар за социјална работа во рок од 72 часа од превземање на мерките, како и со овие измени се дава можност на жртвата освен преку посредство на центарот за социјална работа сама да поднесе предлог за изрекување на мерки за привремена заштита до суд со посредство на претставник и правен застапник од граѓанската организација.

Со носење на Законот за превенција, спречување и заштита од семејното насилство јасно се дефинира кои институции превземаат мерки за заштита и превенција на жртви од семејно насилство како и нивната взаемна координираност и поврзаност. Па така Министерството за труд и социјална политика, Министерството за внатрешни работи, Министерството за здравство, Министерството за образование и наука, Министерството за правда, единиците на локалната самоуправа, институциите кои вршат дејност од областа на социјалната заштита, детската заштита, внатрешните работи, здравството, вработувањето и образованието, преземаат мерки за заштита на жртвата и спречување на насилство, остваруваат меѓусебна соработка и координација. Институциите се должни да обезбедат работите од својата надлежност да ја вршат стручни лица, обучени за спроведување на работите определени со овој закон и родово засновано насилство. [24]

По дознавањето за семејно насилство дали преку граѓанските организации, институциите или пак по пријавувањето на самата жртва следува третман за истата. Се согледуваат причините за настанатото насилство, времетраењето на истото, начинот на вршење, обликот на насилството, кој е сторител, во каква психичка состојба се наоѓа жртвата, дали е животно загрозувачка и слично. Важен чекор после сето ова претставуваат мерките за заштита на жртвата. Мерките за заштита претставуваат сите превземени дејствија кои што вршат заштита на жртвата од повторно вршење на насилство врз жртвата, надминување на претрпената траума од насилството кое што го претрпела, обезбедување на

[24]Закон за превенција, спречување и заштита од семејно насилство, сл.весник бр. 138 од 17.09.2014, чл.5

сигурен простор ( кризно згрижување) доколку е потребно, сигурност, правна заштита, здравствена заштита, интеграција во општеството поради несигурност и страв како и ниска самодоверба за повторно нормално функционирање во истото. Мерките за заштита освен за жртвата се обезбедуваат и за други членови на семејството кои што исто така се јавуваат како жртви.

Законот за заштита, превенција и спречување од семејно насилство јасно ги дефинира превентивните мерки кои што ги превземаат и вршат надлежните министерства и институции како Министерство за труд и социјална политика, Министерство за внатрешни работи, Министерство за здравство, Министерство за образование и наука, Министерство за правда, локалната самоуправа и граѓанските здруженија, а тоа се следниве:

- промовирање на општествени и културни вредности на однесување, кои се засноваат врз еднаквост на жените и мажите,
- воведување на програми за ненасилно однесување од најрана возраст во предучилишните установи,
- воведување на програми за ненасилно однесување и разбирање на родовата еднаквост во основните училишта,
- воведување на програми за развивање на способности за мирно решавање на конфликти, разбирање и вреднување на принципот за еднаквите можности помеѓу жените и мажите, во средните училишта,
- воведување на програми за развивање на способности за мирно решавање на конфликти, почитување на дигнитетот и достоинството на личноста, недискриминација и еднаквоста помеѓу мажите и жените во високо образовните институции,
- обезбедување на стручна советодавна и советувалишна работа во советувалишта за брак и семејство, центрите за социјална работа и други институции,

- спроведување на кампањи или програми за подигнување на свеста и разбирањето на општата јавност за препознавање и последиците од семејното насилство,

- воведување на контунуирани обуки за стручните лица за извршување на работите од својата надлежност и родово засновано насилство,

- подигнување на нивото на одговорност на печатените и електронските медиуми за објективно известување за случаите на семејно насилство, при што да не се наведуваат околности кои можат да значат повреда на човековите права, дигнитетот на личноста и избегнување на секаква дискриминација на мажите и жените.[25]

Со овој Закон се дефинираат и надлежностите на локалната самоупава во поглед на превенција, заштита и спречување од семејно насилство. Локалната самоуправа делува со обезбедување на заштита на жртвите преку делување во локалната заедница со отварање на советувалишта, центри за кризно згрижување, достапност на СОС линии, водење на кампањи за заштита и превенција од семејно насилство и слично. Локалната заедница е должна да соработува со локалните здравствени установи, образовни институции и институциите на Министерството за внатрешни работи.

### 3.1.1. НАСОКИ ОД СПРОВЕДЕН МОНИТОРИНГ ВРЗ ЗАКОНОТ

Националната мрежа против насилство врз жените и семејно насилство која што е составена од 27 организации кои што делуваат на национално ниво во Република Северна Македонија во борба против семејното насилство, има спроведено мониторинг на спроведувањето на Законот за заштита, превенција и спречување од семејно насилство. Извештајот за спроведениот мониторинг дава податоци за спроведување на Законот од 01.01.2015 година кога овој Закон започнува со примена до 31.05.2016 година.

---

[25]Закон за превенција, спречува и заштита од семејно насилство, сл.весник бр. 138 од 17.09.2014, чл.17

Во поглед на дефинирањето на семејното насилство Извештајот посочува на недефинирање на семејното насилство како родово базирано насилство и не ги препознава девојките и жените како ранлива категорија.

Како недостаток на овој закон се посочува и непрепознавањето на економското насилство кое што е регулирано во Меѓународните документи како и демнеењето или пак вознемирувањето.

И покрај воспоставување на законска рамка во која што надлежните институции и релевантните министерства и граѓанскиот сектор меѓусебно треба да соработуваат, делуваат, превенираат, заштитуваат од семејно насилство, во овој Извештај се наведува недостаток во координација во поглед на статистика за жртви на семејно насилство.

Во поглед на подигањето на јавната свест за спречување и превенирање од семејно насилство како и превентивни кампањи во Извештајот се наведува дека од страна на државата  последна таква кампања е организаирана во 2011 година. Најголемо учество на државата преку претставниците на министерствата се забележува само во периодот на ,, 16 дена акативизам против насилство врз жените’’

## 3.2. НАЦИОНАЛНА СТРАТЕГИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ И ЗАШТИТА ОД СЕМЕЈНО НАСИЛСТВО 2012 – 2015 ГОДИНА

Националната сратегија за спречување од семејно насилство 2012-2015 година е последна донесена стратегија која има за цел носење на стратешки цели со кои што ќе се спречи, намали семејното насилство како и заштита од истото. Оваа стратегија ја изготвува работна група составена од престатвници од владини институции, граѓански организации и меѓународни организации.

Стратегијата се темели врз законска регулатива, стратешки документи поврзани со семејно насилство, анализи и извештаи од меѓународни организации,

отценка од импементација на Стратегија за спречување и заштита од семејно насилство 2008-2011 година како и дискусии во фокус групи.[26]

Оваа стратегија го нагласува проблемот со недоволно постоење на статистички податоци за семејното насилство. Статистики за жртви на семејно насилство води само Министерството за труд и социјална политика и Министерството за внатрешни работи. Министерството за внатрешни работи води статистики според Билтен на СВР Скопје во кој се водат статистики по примени податоци од полициски станици по општини, води статистики за сторители на жртви и за изречени мерки.

Министерството за труд и социјална политика води статистики кои што ги добива за жртви на семејно насилство добиени од центрите за социјална работа како и граѓанските организации. Како недостаток на овој вид на водење на евиднција во Стратегијата се наведува дека се води евиденција само за бројот на пријавени случаи на семејно насилство и за превземените мерки. Па така изостанува евиденција за понатамошното следење на случајот на семејно насилство, на пример нема евиденција на годишно ниво колку од пријавените случаи на семејно насилство завршиле успешно односно насилството било спречено и престанало,колку од изречените мерки на судот придонеле за трајно спречување на семејното насилство. Кога зборуваме за статистиките има недостаток од водење на статистики за жртвите на сексуално насилство. Жртвите на сексуално насилство многу ретко се охрабруваат да го пријават сексуалното насилство па така најчесто и бројките во статистиките во врска со овој облик на насилсво се нереални односно помали.

Стратегијата се темели врз неколку стратешки цели кои што треба да донесат резултати преку активности.

**1. Прва стратешка цел –** спречување на семејното насилство со подигнување на свеста и развивање на неприфатливост на семејното насилство како грубо кршење на човековите права и слободи кое што ќе се реализира преку низа на

[26]Национална стратегија за спречување и заштита од семејно насилство 2012-2015 година.

активности како: спроведување на национални и локални кампањи, спроведување на трибини и јавни дебати особено во руралните средини со адресирање на традиционалното разбирање на родовите улоги на различните етнички групи, вклучување на модули за ненасилно однесување во семејството во наставните програми на сите нивоа на образование и предучилишно воспитување со посебен акцент на вклучување на момчињата и мажите во зголемување на свесноста за сите видови на насилство вклучително и традиционалните родови улоги.[27]

Во истражувачкиот дел од овој труд ќе се разработуваат прашања поврзани со првата стратешка цел. Колку граѓаните на територија на Град Скопје се запознаени со програми за спречување/ превенција од семејно насилство, колку истите ги познаваат, слушаат за нив, дали семејното насилсто е тесно поврзано со традиционалноста на родовите улоги или пак етничката припадност или пак колку граѓаните биле вклучени во некои обуки/работилници за рана превенција и спречување од семејно насилство уште во најраната возраст – основно училиште.

**2. Втора стратешка цел –** заштита, помош и поддршка на жртвите преку реализирање на активности како измена и дополнување на легислативата во согласност со меѓународните стандарди, регионално достапна мрежа на засолништа (центри за жртви на семејно насилство), продолжување на функционирањето на националните и координирана соработка со локалните СОС линии, со зајакнување на капацитетите за интервентно сместување на жртвите, развивање на модули за обука за меѓусекторска соработка и координација за заштита од семејно насилство и развивање на соодветни прирачници и работни материјали.[28]

Овој истражувачки труд има исто така истражувачка задача која што на некој начин е поврзана со втората стратешка цел односно од испталиците ќе се дознае колку и покрај постоењето на СОС линиите и континуирано поддржување на истите, локалното населние е запознаено и знае да ги препознае во случај на

[27]Национална стратегија за спречување и заштита од семејно насилство 2012-2015 година.
[28]Национална стратегија за спречување и заштита од семејно насилство 2012-2015 година.

насилство. Со мапирањето пак на сервисите кои што пружаат заштита на жртви од семејно насилство ќе се овозможи да се види со каков зајакнат капацитет истите делуваат во интервентното сместување.

**3. Трета стратешка цел -**достапност на директна помош и заштита на жртвите преку реализирање на активности како ревизија на услугите за жртвите и нивната достапност, вклучително на специјализираните услуги за жртви на семејно насилство, развивање на предлози за подобрување на услугите на жртвите. [29]

**4. Четврта стратешка цел -** мултисекторска соработка и подигање на институционални капацитети и специјализираните служби преку реализирање на активности како развивање на заеднички специфични обуки и обврска за обука, а особено за феноменот на семејно насилство, постапување со жртви и соработката.[30]

### 3.3. НАЦИОНАЛНО КООРДИНАТИВНО ТЕЛО ПРОТИВ СЕМЕЈНО НАСИЛСТВО

Врз основа на член 16 од Законот за превенција, спречување и заштита од семејно насилство („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.138/14 и 33/15), Владата на Република Северна Македонија со решение на Владата на Република Северна Македонија, се формира Националното координативно тело против семејно насилство. Ова координативно тело има мандат од пет години. Составено е од релевантните министерства, пратеници од Собранието на Република Северна Македонија, претставници од Народен правобранител, претставници од правосуден систем и граѓански организации. Со телото претседава министерот за социјална работа.

Националното координативно тело против семејно насилство има за цел институционално следење на состојбата со семејното насилство, координира

[29]Национална стратегија за спречување и заштита од семејно насилство 2012-2015 година.
[30]Национална стратегија за спречување и заштита од семејно насилство 2012-2015 година.

активности на надлежни институции и предлага мерки за унапредување на политики за превенција од семејно насилство.

Националното координативно тело против семејно насилство подготвува годишен извештај за работата и постапувањето во случаите поврзани со семејно насилство за претходната година во кој се оценува: меѓусебната соработка на надлежните институции и здруженија; функционирањето на мултисекторските тимови; ефикасноста на соработката и координацијата со секој од чинителите во поглед на остварување на најдобра помош и заштита на жртвата, врз основа на претходно добиено известување од здруженијата кои постапуваат во случаи на семејно насилство на годишна основа.

Националното координативно тело против семејното насилство носи деловник за својата работа. Националното координативно тело против семејното насилство за својата работа ја информира Владата на Република Северна Македонија, преку доставување на годишен извештај во месец јануари во тековната за претходната година

## 4. ГРАДОТ СКОПЈЕ ВО БОРБАТА ПРОТИВ СЕМЕЈНО НАСИЛСТВО

Согласно Законот за социјална заштита Општината, Градот Скопје и општините во Градот Скопје обезбедуваат социјална заштита. Спроведувањето на социјалната заштита е во согласност со потребите на граѓаните.

Општината, Градот Скопје и општините во градот Скопје обезбедуваат остварување на социјалната заштита на лицата со инвалидност, децата без родители и децата без родителска грижа, децата со пречки во менталниот и телесниот развој, децата на улица, децата со воспитно-социјални проблеми, децата од еднородителски семејства, лицата изложени на социјален ризик, лицата кои злоупотребуваат droги, други психотропни супстанции, прекурзори и алкохол, лицата жртви на семејно насилство, лицата жртви на трговија со луѓе, старите лица без семејна грижа, преку вонинституционални и институционални облици на социјална заштита, домување и подигање на свеста на населението за потребите од обезбедување на социјалната заштита.

Во рамките на претходно изнесеното на територија на Град Скопје се даваат следниве услуги од социјална заштита;

1. Пункт и прифатилиште за времено згрижување на бездомни лица на подрачјето на Град Скопје;
2. Дневни центри за намалување на штети од употреба на дроги;
3. Превоз на лица со потешка инвалидност;
4. Дневен центар за стари лица и центар за давање помош во домашни услови;
5. Дневни центри за лица со интелектуална попреченост;
6. Прв семеен центар на Град Скопје, советувалиште за жртви од семејно насилство;
7. Советувалиште за едукација и превенција од употреба на дроги;
8. Комисија за унапредување на правата на пациентите;

Социјалната заштита значи и социјална превенција. Добрата превенција значи реализирање на мерки и активности со кои се надминуваат или ублажуваат

социјалните ризици. За реализирање  на корисни мерки и активности потребни се соодветни програми и финансирање. За плодна превенција треба да имаме соодветни мерки за спречување на настанување на ризик, па така граѓаните преку различни работилници, обуки, советувања, едукативно – советувалишна работа и волонтирање допринесуваат за успешно превенирање со лично ангажирање во општеството и локалната заедница. Општините, Градот Скопје и општините во градот Скопје, предучилишните, училишните, здравствените установи, правни и физички лица и здруженија на граѓани во соработка со ЦСР придонесуваат за реализација на соодветни мерки со цел превенција од социјален ризик.

Во рамките на Градот Скопје функционира Првиот семеен центар кој е поддржан од градот. Центарот е пред се советувалишен центар за советување од превенција и заштита од семејно насилство. Услуги со кои располага овој Центар се советување, психосоцијален третман на жртви на семејно насилство, на сторители на семејно насилство, советувалишна работа со малолетни деца кои се жртви на семејно насилство   или пак биле сведоци на насилство во семејството како и советувалишна  работа и психосоцијален третман за цели семејства во кои се вршело, се врши или има ризик да се врши семејно насилство.

Градот Скопје е поддржувач на активности кои што се спроведуваат во кампањата ,,16 дена активизам против семејно насилство'' како ,,Стави точка на семејното насилство'' итн.

# 5. МЕТОДОЛОШКА РАМКА НА ИСТРАЖУВАЊЕТО

## 5.1. Цели и задачи на истражувањето

Општата цел на ова истражување е да се добијат сознанија за пристапноста, искористеноста и квалитетот на социјалните услугите кои што ги пружаат сервисите за поддршка на семејно насилство на територија на Град Скопје.

***Задачи на истражувањето:***

- Да ја утврди инфомираноста на граѓаните на Град Скопје без разлика на пол, возраст, меѓуетничка припадност, верска определба и социо - економски статус за социјалните служби кои пружаат помош од семејно насилство администрирани на територија на Град Скопје;
- Да се утврди видот на поддршка, видот на програми кои секој сервис поединечно ги нуди за жртвите од семејно насилство;
- Да се утврдат локациите на секој сервис поединечно и поврзаноста помеѓу местото на живеење и достапноста на жителите на Град Скопје на овие сервиси;
- Да се утврди проактивната улога на сервисите во креирање нови програми, трибини, активности кои ги спроведуваат во рамките на службите со цел превенција на семејно насилство;

## 5.2. Предмет на истражувањето

***А.) Теоретско определување***

Предмет на ова истражување е утврдување на видовите социјални сервиси кои пружаат заштита од семејно насилство на територија на Град Скопје и

информираноста на граѓаните за нивното постоење како и анализа на начинот на спроведување програми за заштита и превенција од семејно насилство и нивната ефикасност. Во рамките на ова истражување ќе се проучат програмите на социјалните сервиси за семејно насилство кои се воспоставени на територија на Град Скопје. Истражувањето, исто така, ќе овозможи увид во степенот на меѓу секторска соработка кој постои помеѓу, локалната самоуправа, јавните институции и конкретниот сервис за помош и поддршка на жртвите од семејно насилство.

### 5.3. Организација и место на истражувањето

Ова истражување беше организирано во два дела. Првиот дел од истражувањето започна во месец април и траеше се до завршувањето на месец мај 2017 година и се состоеше од анкетирање  и делење анкетен лист на ученици од основни и средни училишта. Основните и средните училишта се одбраа по случаен избор во секоја општина од Град Скопје по едно основно и едно средно училиште. Потоа од истите општини се анкетираа случајни минувачи. Анкетниот лист се подели во 9 општини. Во Општина Сарај не се подели анкетен лист. Во општината не наидов на соработка и не ми беше овозможено да анкетирам ученици од основно училиште.Дополнителна бариеира за анкетирање во овој дел од градот беше и јазичната бариера. Во општината неодамна се отвори средно училиште за учебната 2016/2017 година. Во овој дел од истражувањето се анкетираа и студенти од Институтот за социјална работа и социјална политика Мајка Тереза кои беа на четврта година од студиите односно апсолвенти.

Во вториот дел од истражувањето беа организирани посети, разговори и собирање на податоци за институции, сервиси кои што пружаат заштита на жртви на семејно насилство на територија на Град Скопје. Овој дел се спроведе во периодот од месец јуни 2017 година.

### 5.4. Примерок од истражувањето

Во ова истражување се анкетираа вкупно 267 испитаници. Вкупно се анкетираа 90 основци од кои 45 се од женски пол, а 45 се од машки пол. Основците беа во деветто одделение. Беа анкетирани вкупно 90 ученици од средните училишта од

кои 45 се од машки и 45 од женски пол. Учиниците беа во трета година средно образование.

Случајни исптаници беа анкетиран вкупно 50 од кои 25 мажи и 25 жени.

Од Институтот за социјална работа и социјална политика Мајка Тереза се анкетирани вкупно 37 студенти од кои 31 од женски пол и 6 од машки пол.

Се направија 5 интервјуа со претставници на сервиси кои што пружаат заштита и превенција од семејно насилство.

### 5.5. Методи и техники на истражувањето

Ова истражување ги примени квантитативниот и квалитативниот метод на истражување.

Квантитативниот приод беше употребен при формулација на хипотези, конструкција на варијабли и анализи на однос помеѓу варијабли се искористи квантитативен метод. Тој метод беше спроведен по пат на анкета со употреба на инструмент – прашалник. Прашалникот беше доставен во секоја општина поединечно на Град Скопје односно: општина Карпош, Ѓорче Петров, Бутел, Шуто Оризари, Чаир, Гази Баба, Аеродром, Кисела Вода и општина Центар. Општина Сарај беше исклучена од ова истражување.

Прашалникот содржи прашања од општ карактер како што се прашања за социодемографските карактеристики, потоа прашања кои се однесуваат на семејното насилство како што се прашања од типот на видови, разликување на облици и препознавање на семејно насилство во местото на живеење, потоа за познавањето на надлежните органи и сервиси за пријавување на семејно насилство како и задоволството од невладиниот сектор и сервисите кои ги спроведуваат програмите.

Податоци за услугите и видовите на сервиси за семејно насилство администрирани на територија на град Скопје се добија по пат на мапирање.

Целта на мапирањето беше да се мапираат сите социјални сервиси кои нудат заштита од семејно насилство на територија на Град Скопје поединечно во секоја општина како и НВО, да се создаде слика за тоа колава е вкупната бројка на сервисите.Најпрво  се утврди вкупната бројка на сервиси во секоја општина поединечно на Град Скопје, нивниот назив, местоположба, расположливост на ресурси за работа, видови на програми за заштита и помош од семејно насилство ( правна помош, психосоцијална помош, советување, згрижување).

Податоците за видовите на услуги, програмите капацитетите, начинот на сместување и делување при семејно насилство од страна на сервисите се добија по пат на експертско интервју со експерти од НВО и надлежни претставници на сервисите.

# РЕЗУЛТАТИ ОД ИСТРАЖУВАЊЕТО

## ГРАДОТ СКОПЈЕ КАКО ПОСЕБНА АДМИНИСТРАТИВНА ЕДИНИЦА

Градот Скопје претставува посебна административна единица во Република Северна Македонија. Се состои од 10 општини и тоа: Аеродром, Бутел, Гази Баба, Ѓорче Петров, Карпош, Кисела Вода, Сарај, Центар, Чаир и Шуто Оризари.

Поделбата на Град Скопје како посебна единица на локална самоуправа е дефинирана во законот за Град Скопје од 16 август 2004 година.

Градот Скопје се граничи со општина Чучер - Сандево и Република Србија на север, општина Јегуновце и општина Желино на запад, општина Сопиште и општина Студеничани на југ и Општина Илинден, Општина Липково и општина Арачиново на исток.

Градот Скопје има вкупна површина од 571, 46 километри квадратни, а според последниот попис од 2002 година 811.045 жители.

## ОПШТИ КАРАКТЕРИСТИКИ ЗА ОПШТИНИТЕ ВО ГРАД СКОПЈЕ

### Општина Бутел

Општина Бутел се наоѓа во северозападниот дел на Република Северна Македонија, поточно во северниот дел на Скопската Котлина. Таа е најнова и една од најмалите скопски општини основана во 2005 година.

Во минатото Општина Бутел била во склоп на Општина Чаир. На 11 август 2004 година со новиот Закон за територијална поделба се формира Општината Бутел. Формирана е на 22 април 2005 година.

Општина Бутел се протега на 57 километри квадратни. Има вкупно 36.154 илјади жители според последниот попис од 2002 година. Населби кои што ја сочинуваат општината се Скопје Север, Бутел 1 и Бутел 2, Радишани и

Љуботенски Пат како и руралните подрачја Визбегово, Радишани, Љубанци и Љуботен.

На територија на општина Бутел има седум основни училишта за кои надлежна е локалната самоуправа. Во оваа општина има и две средни државни училишта и еден приватен колеџ.

Од другите јавни установи на територијата на оваа општина функционираат подрачните единици на министерствата, во склоп на оваа општина е и Заводот за рехабилитација на деца и младинци.

**Општина Кисела Вода**

Општинина Кисела Вода зафаќа површина од 46,86 километри квадратни. Оваа општина се простира во јужниот и југоисточниот дел на Скопската котлина. Источната граница на општината е до централното градско подрачје на Општина Центар. Северната граница се простира по железничката линија Скопје – Велес со кој патен правец општината граничи со новоформираната општина Аеродром. На источната и југоисточната страна граничи со општината Студеничани, а на јужната страна со планината Водно каде се простира граничната линија со општината Сопиште. Кисела Вода има правец на простирање исток – запад во должина од 14,2 километри и правец север – југ во должина од 3,3 километри.

Општината се граничи со општините Центар, Аеродром, Студеничани и Сопиште. Според последниот попис во Општина Кисела вода има вкупно 58.216 илјади жители. Од вкупното население 91,69 % се македонци, албанци се 0,44%, турци 0,80%, роми 1,25, власи 1,13 и срби 2,49%.

Во оваа општина во градското подрачје се наоѓаат населбите Чешма и Бирарија, на ниските делови од северната страна на планината Водно се наоѓаат населбите Црниче и Пржино и во источниот дел населбите Припор и Усје. Во

централниот дел на општината се наоѓаат населбите 11 Октомври, Кисела Вода и Цветан Димов. На источниот дел од општината се наоѓаат населбите Пинтија и Драчево.

На територија на оваа општина се наоѓаат вкупно осум основни училишта и вкупно две средни училишта на Град Скопје.

**Општина Гази Баба**

Општината Гази Баба се наоѓа во северниот дел на Република Северна Македонија и се простира во источниот дел на скопската котлина и Градот Скопје. Има површина од 110,86 километри квадратни. Не север се граничи со општините Бутел и Чаир, на запад со општините Центар и Аеродром, на југ со Илинден и Петровец и на исток со Арачиново и Липково.

Пречникот на простирање на општината исток – запад изнесува 10 километри, а север – југ 15 километри.

Површината на оваа општина изнесува 92 километри квадратни. Голем дел од оваа површина припаѓа на руралниот дел на општината, со 65% обработливо земјиште од вкупното земјиште на територијата на Општина Гази Баба.

Вкупниот број на жители во Општина Гази Баба изнесува 72. 222 од кои македонци се 73,7 %, албанци 17,2%, турци 0,8%, роми 2,9%, власи 0,3, срби 2,9, бошњаци 1,0% и други националности 1,2%.

На оваа општинска територија има вкупно 11 основни училишта и 6 средни училишта на Град Скопје.

**Општина Карпош**

Општина Карпош се простира на централно западниот дел од Скопје. На исток се граничи со Општина Центар, на запад со Општина Ѓорче Петров, од север со Општина Бутел и јужно со Општина Сопиште. Има површина од 35

километри квадратни. Според последниот попис од 2002 година, Општина Карпош има вкупно 59.810 илјади жители. Од нив 88,52 се македонци, албанци 3,26, турци 0,56, роми 1,03, власи 0,68 и срби 3,67.

Во Општина Карпош постојат четири државни градинки и пет приватни градинки. Оваа општина располага со десет основни училишта и три приватни основни училишта. Вкупно шест средни училишта се на оваа општинска територија кои се на Град Скопје и три приватни средни училишта. Постојат шест државни факултети и два приватни факултети.Исто така оваа општина располага и со три студентски домови за сместување на студенти.

Во Општина Карпош постои развиена здравствена мрежа. Од вкупниот број на 165 здравствени установи 13 се јавни и 132 се приватни.

**Општина Аеродром**

Оваа скопска општина е формирана согласно со Законот за територијална поделба од август 2004 година на 12 април 2005 година. Претходно територијата на Општина Аеродром била во рамките на Општина Кисела Вода.

Општина Аеродром е на територија од 20 километри квадратни. Од мостот на Железничката пруга на Вардар се движи во должина на Транспортниот Центар Скопје, Железничката пруга во правец на Велес до мостот Маркова Река, продолжува до надворешната граница на катастарската Општина Долно Лисиче до реката Вардар и свртува спротивно до мостот на Железничката пруга на реката Вардар.Според последниот попис Општина Аеродром има 98.382 илјади жители. Од вкупниот број на жители македонци се 91,9%, срби се 3,2%, роми 0,8%, турци 0,8%, власи 0,6%, албанци 0,1% и други 2,8%.

На територија на Општина Аеродром се наоѓаат вкупно седум основни училишта и вкупно три средни училишта на Град Скопје.

**Општина Центар**

Оваа општина  е во состав на градот Скопје и претставува негова централна општина.

Се наоѓа во средишниот и јужниот дел од Скопје и го опфаќа плоштадот Македонија, двата брега на реката Вардар и дел од планината Водно. Зафаќа површина од  7,52  километри квадратни.

Како централна општина во Градот Скопје на нејзината територија се наоѓаат Владата, Собранието на Република Северна Македонија, неколку министертва, државни заводи, агенции и управи. Во Општина Центар се наоѓа и ректоратот на скопсккиот универзитет ,, Св. Кирил и Методиј"  заедно со неколу факултети и собранието на Град Скопје.

Според последниот попис од 2002 година во Општина Центар живееле 45.412 жители од кои македонци се 85,39%, албанци се 3,23%, срби 4,49%, роми 2,14%, турци 1,08%, власи 1,01%, бошњаци 0,24% и грци 0,14%.

Во оваа општина не влегуваат села и одделни населени места, односно целото подрачје на Општина Центар се протега на територија на Градот Скопје.

Под територија на Општина Центар влегуваат населбите и маалата: Центар, Капиштец, Пролет, Буњаковец, Маџир Маало, Дебар Маало, Ново Маало, Пајко Маало, Водно, Крњево Маало, Парк Маало и Тасино Чешмиче.

Постојат вкупно шест средни училишта на територија на оваа општина и едно приватно средно учулиште. Основни училишта има пак три.

**Општина Шуто Оризари**

Оваа општина е во составот на Град Скопје и е единствена ромска општина во светот во која ромите имаат свој градоначалник и можат да ги остваруваат своите национални права.

Општината Шуто Оризари се наоѓа во северниот дел на Градот Скопје. Се граничи со општините Бутел и Чучер Сандево. Зафаќа површина од 7.48 километри квадрани и има вкупно 2.943 жители. Во оваа општина влегува и селото Горно Оризари.

Оваа општина претставува периферијална оштина. Со постепено обликување на населбата Општината Шуто Оризари добива изглед на урабнизирано приградско соседство каде што постојат административни и културни институции. Во 1996 година Шуто Оризари заедно со двете села околу него – Горно и Долно Оризари, формираат самостојна административна единица – општина Шуто Оризари.

Според последниот попис од 2002 година на територија на оваа општина живееле вкупно 17.357 жители од кои македонци се 6,53%, албанци 30,32%, турци 0,25%, роми 60,60%, срби 0,30%, бошњаци 0,80% и други 1,19%.

На територија на оваа општина има вкупно две основни училишта и едно средно училиште на Град Скопје.

**Општина Чаир**

Општината Чаир се простира северо - западно во Република Северна Македонија, а се наоѓа во северно –источниот дел од Градот Скопје. Општина Чаир е централно поставена во Скопската Котлина. Надморската висина на Скопската Котлина е 245 метри и околу неа се распостилаат високи планини. На јужната страна е планината Водно со која се поврзани планините Јакупица и Караџица. Гледано оваа општина е поставена во централниот дел на котлината во урбаниот дел на Скопје и е ориентирана во должина на реката Вардар и лежи на левата страна од реката Вардар.

Се простира на 3.52 километри квадратни. Има вкупно 64.773 иљјади жители од кои албанци се 57%, македонци 24,1%, турци 6,9%, роми 4,8% и бошњаци 4,6%. Имајќи предвид дека територијата на оваа општина е 3.52

километри квадратни произлегува дека во општината има голема густина на населеност.

На територија на оваа општина се наоѓаат вкупно девет основни училишта и три средни училишта на Град Скопје.

**Општина Ѓорче Петров**

Оваа општина е создадена на 14 септември 1996 година со Законот за Градот Скопје со кои се утврдуваат подрачјата во составот на Скопје. Оваа општина е настаната со оттцепување од Општина Карпош.

Општина Ѓорче Петров се протега во северозападниот дел на Скопје, од левата страна на реката Вардар. Во состав на оваа општина спаѓаат и руралните места и населби по сливот на реката Лепенец. Оваа општина е погранична општина бидејќи нејзината северна граница се протега долж државната граница. Се граничи со општините Карпош, Чучер- Сандево и Сарај. Покрај урбаниот дел општината има и приградски, рурален дел во кој има седум населени места и тоа Волково, Грачани, Кисела Јабука, Кучково, Никиштане, Ново Село и Орман.

Има територија од 66.93 километри квадратни. Вкупно живеат 41.634 илјади жители од кои македонци се 85,16%, албанци се 3,84%, турци 0,88%, роми 2,99%, власи 0,26%, срби 4,15% и бошњаци 1,17%.

На територија на оваа општина има вкупно шест основни училишта и едно средно училиште на Град Скопје.

## СЕРВИСИ ЗА СОЦИЈАЛНИ УСЛУГИ НА ЖРТВИ НА СЕМЕЈНО НАСИЛСТВО НА ТЕРИТОРИЈА НА ГРАД СКОПЈЕ

Од истражувањето се добија следниве резултати:

### КРИЗЕН ЦЕНТАР НАДЕЖ

Кризен Центар Надеж се наоѓа во Скопје, во населба Автокоманда на територија на општина Гази Баба. Локацијата на Центарот се држи во тајност поради заштита на жртвите кои што се згрижуваат во истиот. Ова здружение е регистрирано уште во 2001 година и се води како здружение за заштита и згружување на жртви на семејно насилство. Овој сервис посебен акцент става на жените жртви на насилство и семејното насилство. Мисијата на овој сервис се состои во тоа што е насочена кон превенција, третман и заштита на жртви и на семејно насилство.

### <u>СОС Линија</u>

Во рамките на сервисот функционира СОС линија која што е национална – телефон на доверба. Жртвите од територија на Република Северна Македонија и Град Скопје можат да се јават на бесплатниот телефонски број 15-315 и да пријават семејно насилство. Линијата функционира 24 часа во текот на денот, 365 дена во годината без прекин. На линијата работат и се јавуваат обучени волонтери кои што зависно од природата на повикот ги упатуваат жртвите или потенцијалните жртви на семејно насилство кон понатамошни чекори и мерки за заштита. Кризен Центар Надеж ја проширува мрежата на телефоните на доверба обезбедувајќи во исто време обуки за волонтерите кои работат на истите со цел да се зајакнат локалните капацитети за препознавање и заштита од семејно насилство. Овој сервис со својата мисија придонесува кон посоодветен одговор на овој проблем на локално ниво преку обезбедување подостапни услуги за жртвите или потенцијалните жртви на семејно насилство.

**Згрижување и заштита на жртви на семејно насилство во период од 24-48 часа**

Овој сервис обезбедува згрижување на жртви на семејно насислтво од 24 – 48 часа и ова претставува кризно згружување. Има капацитет овој сервис да згрижи жртви од 5-7 лица.

Во текот на згрижувањето овој сервис на жртвите им ги обезбедува слените услуги:




**Едукација на жртви на семејно насилство**

Во овој сервис има тим од психолог, социјален работник и правник. Овој тим ги води едукативните сесии со жртви на семејно насилство и имаат за цел поддршка и јакнење на личноста при донесување на важни одлуки во нејзиниот понатамошен живот како и зголемување на свесноста за можностите што ги има, особено по однос на правните процедури што може да ги иницира. На жртвите овој сервис им овозможува и  примарна психосоцијална  заштита и бесплатно правно советување.

**<u>Бесплатно правно советување</u>**

Ова бесплатно совеување овој сервис го врши по однос на развод на брак на жртвите дколку изразат желба за тоа, определување на издршка, делба на имот и изрекување на привремени мерки за заштита на жртви на семејно насилство според Закон за семејство и по однос на кривична постапка.

**<u>Подигнување на јавната свест за проблемот на семјено насилство</u>**

Подигнувањето на свеста на јавноста за постоењето на семејно насилство и начинот каде и како да се обратат жртвите овој сервис го прави преку одржување на едукативни работилници и трибини во рурални и урбани средини како и преку изработка и делење на едукативни и печатени материјали. Трибините, работилниците и едукативните материјали најчесто содржат информации за човековите права кои се прекршуваат со чинот на семејно насилство, причини и последици од семејно насилство и мерки и заштита и постојана промоција на СОС линијата.

**ОРГАНИЗАЦИЈА НА ЖЕНИТЕ НА СКОПЈЕ**

Организацијата на жените на Скопје се наоѓа со претставништво во Градот Скопје во општина Центар со адреса ,,11 Октомври'' број 17. Организацијата раководи и со шелтер центар на кој локацијата му се држи во тајност со цел заштита на жртвите на семејно насилство.Оваа организација во своето работење под надлежност има СОС линија. СОС линијата е достапна 24 часа, 365 дена во годината без прекин.

**<u>СОС линија</u>**

СОС линијата во оваа организација почнува со свое функционирање уште во 1994 година. Оваа линија почнува да функционира благодарение на помош од Холандската Меѓуцрковна Помош ДИА. Оваа СОС линија е прва од ваков тип на Територија на Град Скопје и општо во Република Северна Македонија. На линијата работат обучени операторки и волонтерки. Содржината од добиените разговори операторките се должни да ја држат во тајност. Активното слушање на

операторките, низата обуки низ кои што имаат поминато, препознавањето на родовиот аспект на семејното насилство  и познавањето на закнските регулативи придонесува за успешно функционирање сите овие години оваа СОС линија и воедно подлежи на доверба од страна на жртвите.

**<u>Шелтер центар</u>**

Шелтер центарот функционира во склоп на организацијата. Во него се згрижуваат жртви на семејно насилство како и нивните деца по претходна фактички утврдена состојба дека станува збор за жртва не семејно насилство дали како дојава преку СОС линијата  или дојава за сместување од ЦСР доколку капацитетите на ЦСР за згрижување се потполнети. Исто така жртвата и сама може да се обрати и да дојде и побара помош од организацијата со нејзино доброволно доаѓање во канцелариските простории на организацијата.

Во овој сервис – шелтер центар се обезбедуваат следните услиги:



## ПРВ СЕМЕЕН ЦЕНТАР

Првиот семеен центар се наоѓа на територија на Град Скопје во општина Карпош на улица ,,Костурски херои'' бр.50. Центарот работи од 11.00 до 19.00 часот. Работата со психотерапевти се одвива од 17.00 до 19.00 часот.

Центарот е прво специјализирано советувалиште за психосоцијална поддршка и советување на семејства кои се во конфликтни односи, во кое што во моментот се врши насилство или во семејството постоело насилство. Услугите во овој сервис ги дава тим од професионални психотерапевти. Советите и услугите се базираат на соодветни техники и психотераписка работа за зајакнување на сите членови поединечно од семејството.

На кои проблематики работи Центарот на територија на Град Скопје:



## СЕРВИСИ КОИ ШТО ДАВААТ БЕСПЛАТНА ПРАВНА ПОМОШ НА ЖРТВИ НА СЕМЕЈНО НАСИЛСТВО

Давањето на бесплатна правна помош е уредено со Закон за давање на бесплатна правна помош. Бесплатната правна помош е обезбедена до жртвата од граѓанските организации. Такви граѓански организации кои што даваат бесплатна правна помош се Хелсиншкиот комитет за човекови права, Здружението на млади правници и ЕСЕ.

Хелсиншкиот комитет за човекови права како сервис за услуги на жртви на семејно насилство на Територија на Град Скопје се вклучува со дејствување и правно делување. Комитетот обезбедува бесплатна правна помош како и дејствување во судските процеси за жртвите на семејно насилство едукација за човековите права, поднесување на апликации пред Судот во Стразбур.

Здружението за еманципација, солидарност и еднаквост на жените – ЕСЕ работи на давање на бесплатна правна помош на жени жртви на семејно насилство, даваат поддршка како и мониторирање врз судски постапки на предмети поврзни со семејно насилство. За истите подготвуваат и анализи.

Здружението на млади правници дава бесплатна правна помош и застапување пред суд на странката – жртвата на семејно насилство

## НАЦИОНАЛЕН СОВЕТ ЗА РОДОВА РАМНОПРАВНОСТ

Националниот совет за родова рамноправност дејствува во рамките на Град Скопје во општина Центар со канцелариски простории на ул. ,, 11 Октомври’’бр. 17.

Исто така во рамките на овој сервис делува бесплатна СОС линија која што служи за пријавување на семејно насилство. Линијата функционира 24 часа, 365 дена во годината, непрекинато. Страешката цел на овој сервис е намалување на случаите на семејно насилство и реинтеграција на жените жртви на семејно насилство. Органиацијата се стреми кон постигнување на родова рамноправност, развој, заштита на женските права и мир.

Програмите и целите на овој сервис против семејно насилство и заштита на жртвите се следниве:

- Подобрување на легислативата за спречување на родово базирано насилство и заштита на жртвите на семејно насилство
- Зголемување на јавната свест за проблемот на родово базирано насилство
- Подобрена заштита на жртвите за родово базирано насилство
- Превенција на родово базирано насилство

## РЕЗУЛТАТИ ОД СПРОВЕДЕНО ИСТРАЖУВАЊЕ НА ТЕРИТОРИЈА НА ГРАД СКОПЈЕ

Од вкупно **267 испитаници** кои што ги опфати ова истражување **од машки пол** се вкупно **121** испитаник, а од **женски пол** се вкупно **146** испитанички.

Со обработка на анкетните листови добиени се следниве податоци за годините на раѓање на испитаниците:

**Табела број 1**

| Возраст | 14 | 15-18 | 19-22 | 23-35 | 36-50 | 51-61 |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Број на испитаници | 76 | 88 | 30 | 53 | 10 | 6 |

*За четири испитаници од женски пол не се добиени информации за година на раѓање бидејќи истите не одговориле на прашањето која година се родени.

Најголемиот број на испитаници се родени 2003 година, 2000, 2002, 1999, 1998 година кои што испитаници се од спроведен анкетен лист од основните и средните училишта на територија на Град Скопје. Анкетниот лист во основните училишта е поделен во класовите од деветто одделение, а пак во средните училишта е поделен на средношколци од трета година. Пред секое делење на анкетните листови е добиено одобрение од директорите на училиштата за да се спроведе истражувањето во училиштата. Исто така сите вклучени испитаници од ова истражување им беше посочено дека оваа анкета е анонимна и дека се спроведува за научни цели како и дека податоците од ова истражување нема да бидат употребени за други научни цели или пак ќе бидат употребени за било какви други цели.

Резултатите од иситувањето во однос на запознаноста на испитаниците со поимот насилство покажуваат дека само 9 од вкупниот број на испитаници не

знаат што е насилство, додека 5 испитаници не се произнесле по поставеното прашање. Од графичкиот приказ број 1 може да се види дека дури во четири од вкупно 9 општини има по два испитаника кои не се запознаени со поимот насилство, а во една општина има само еден испитаник кој не знае што се подразбира под поимот насилство.




**Графички приказ бр. 1**

Во врска со поимот насилство во анкетниот лист се постави и прашањето што подразбираат испитаниците под поимот насилство. Прашањето е од отворен карактер па испитаниците имаа можност да го дадат своето мислење во врска со значенето на овој поим. Најчести одговори на ова прашање и на машките и на женските испитаници е дека насилството преставува физичко и психичко малтретирање на личност, употреба на физичка сила, тепање, понижување, закана кон друга личност, злоставување, а пак интересно е што двајца испитаниците од машки пол од Општина Шуто Оризари сметаат дека насилство е ,, земање жена на сила’’. Испитаниците се од ОУ ,,26 – ти Јули’’.




**Графички приказ бр. 2**

Од вкупно 12 испитаници кои што не знаат што е насилство, 7 се од средни училишта во кои што беше поделен прашалник. Бројот на испитаници во средните училишта што не знаат да опишат или не знаат што се подразбира под насилство е поголем од бројот на испитаници во основните училишта. Изненадувачки е што децата на помала возраст имаат поголеми познавања за тоа што се подразбира под поимот насилство споредено со повозрасните деца.

**<u>Еве неколку одговори на испитаниците:</u>**

***ж. ,,Под насилство подразбирам на пример кога некој со сила не тера нешто да направиме, но притоа навистина употребува сила, тепање, измачување и слично.'' – ученичка од ОУ ,,Петар Здравковски Пенко'' - Општина Бутел***

***м.,, Под поимот насилство подразбирам кога една личност измачува друга личност.'' – ученик во ОУ ,,Круме Кепески'' – Општина Кисела Вода***

***ж. ,,Под поимот насилство подразбирам малтретирање на една личност дали да е тоа физичко или психичко малтретирање.'' - ученичка од ОУ ,,Круме Кепески'' – Општина Кисела Вода***

*м. ,,Под поимот насилство подразбирам физичко и психичко малтретирање, кога една личност повредува друга личност.'' – ученик во ОУ ,,Стив Наумов'' – Општина Гази Баба*

*м. ,, Психичко, физичко или психо – физичко изразување на внатрешни фрустрации кон една или повеќе индивидуи.'' – ученик од СУГС ,, Панче Арсовски'' – општина Гази Баба*

*м. ,, Под поимот насилство подразбирам неприфаќање на личноста, контриање, употребување на сила, искористување и бесчуствителност кон некоја личност.'' – ученик од ОУ ,,Блаже Конески'' – Општина Аеродром*

*м. ,,Насилството е употреба на физичка или психичка сила врз некоја личност, група или заедница.'' – ученик од ОУ ,,11 Октомври ''– Општина Центар*

*ж. ,, Насилството е употреба на физичка и психичка сила врз другите со што ја повредуваме личноста.'' – ученичка од ОУ ,,11 Октомври'' – Општина Центар*

*ж. ,, Насилство е нанесување на повреди по физички или психички пат, врз некој човек, животно и притоа исто така повредите можат да бидат со трајни последици.'' – ученичка од СУГС ДУФК ,,Методи Мицевски - Брицо''– Општина Центар*

*м. ,, Под поимот насилство подразбирам психичко или физичко малтретирање или измачување на некоја единка или заедница.'' – ученик од СУГС ДУФК ,,Методи Мицевски - Брицо'' – Општина Центар*

*ж. ,, Под поимот насилство подразбирам малтретирање на некој поединец без посебни причини. Истото може да биде физичко и психичко.'' – ученичка од ОУ ,,Васил Главинов'' – Општина Чаир*

***ж. „ Под поимот насилство подразбирам нееднаквост помеѓу машкиот и женскиот пол.” – ученичка во ОУ „Страшо Пинџур” – Општина Ѓорче Петров***

***м. „ Под поимот насилство подразбирам вршење на притисок врз личност и принудување и прилагодување на истата личност на вашиот начин на живот.” – ученик во ОУ „Страшо Пинџур” – Општина Ѓорче Петров***

***ж. „ Под поимот насилство подразбирам физичко и психичко малтретирање од страна на една единка кон друга.” – ученичка во СУГС „Кочо Рацин” – Општина Ѓорче Петров***

***ж. „ Злоупотребување на правата, рушење на мирот без разлика дали е физички или психички.” - ученичка во СУГС „Кочо Рацин” – Општина Ѓорче Петров***

***м. „Насилството е употреба на физичка или психичка сила врз некоја личност, група или заедница.- ученик во ОУ „11 Октомври” – Општина Центар***

***ж. „ Насилството е употреба на физичка сила и психичка сила врз другите со што ја повредуваме личноста.” – ученичка во ОУ „11 Октомври” – Општина Центар***

***ж. „ Под поимот насилство подразбирам физичко и психичко малтретирање од страна на една единка кон друга единка.” – ученичка во СУГС „ Кочо Рацин – Општина Ѓорче Петров***

***ж. „ Злоупотребување на правата, рушење на мирот без разлика дали е физички или психички.” - ученичка во СУГС „ Кочо Рацин – Општина Ѓорче Петров***

***ж. „ Однесување кое што вклучува физичка или психичка сила со намера за повредување, оштетување... – случаен испитаник***

***ж. ,, Омаловажување, непочитување, вербални навреди, ограничување кое вклучува физичко, психичко и сексуално малтретирање во некои случаи. – случаен испитаник***

***ж. ,, Доминирање на една личност врз друга, па макар и насилство и против вољата на другиот. – случаен испитаник***

***ж. ,, Однеување кое што вклучува сила со цел да се повреди некој под дејство на емоции кои имаат деструктивна природа. – случаен испитаник***

***м. ,, Злоупотреба на човековите права и слобода, без разлика дали преку физичко или психичко малтретирање. -случаен испитаник***

***м. ,, Било кој облик на психичко и физичко однесување кое е насочено кон повредување на едно лице или на група лица. - случаен испитаник***

<u>Насилството во околината на живеење на испитаниците</u>

Ова истражувње опфати и прашање со кое што целта беше да се добијат одговори на тоа дали граѓаните се соочуваат со насилство во нивната средина на живеење како населба, училиште, семејство односно во нивната околина на секојдневно опкружување.Прашањето е од отворен карактер па одговорите на ипитаниците каде забележуваат секојдневно насилство ќе се сметаат како да, дека е присутно насилството во средината во која што живеат испитаниците.




**Графички приказ бр.3**

Според графичкиот приказ и добиените резултати од спроведената анкета најголем број на испитаници со одговор дека е присутно насилството во нивната околина на живеење се добива во Општина Аеродром. Најголем број пак на испитаници на ова прашање не одговориле во Општина Шуто Оризари. Од одговорите на испитаниците се добива слика дека најмногу насилство во околината во која што живеат има во училиштата, населбата и блиското соседство, меѓу врсниците во училиштето, а пак по еден испитаник одговорил дека е присутно кај децата роми и во семејството во кое што живее. Интересен е фактот дека само еден испитаник одговорил дека е присутно насилството во неговиот дом бидејќи понатака во овој труд кога ќе се разработуваат прашањата ќе се види дека повеќе од еден испитаник се чуствува како жртва на семејно насилство што значи дека насилството е присутно во повеќе домови на испитаниците.

***м.,, Насилството е присутно во сите домови, па дури и во мојот дом и семејство. Но бадијала се жалиме кога никој не е заинтересиран за нашиот***

***проблем. Никој не се интересира за туѓите проблеми.’’ – ученик од СУГС ,,Димитар Влахов’’ – Општина Аеродром***

***м. ,, Да, јас живеам во интернат. Насилство има и таму. Повеќе психичко насилство.’’ – ученик во СУГС ДУФК Методи Митевски – Брицо – Општина Центар***

***м. ,, Во мојата општина – средина во која што живеам имаше еден вид на насилство и тоа беше силување.’’ – ученик во ОУ ,,26 – ти Јули’’ – Општина Шуто Оризари***

**<u>Причина за појава на насилство</u>**

Како понудени одговори и причинители за настанување на насилство беа нееднаквоста помеѓу половите ( машки и женски), верската припадност, родовите стереотипи и возраста и полот. Од понудените одговори испитаниците можеа да сметаат дека сите четири дадени причинители во анкетниот прашалник за појава на насилство се причина за појава на истото.




**Графички приказ бр.4**

**<u>Семејно насилство</u>**

Во анкетниот прашалник беше поставено прашање од отворен тип за тоа дали испитаниците знаат што е семејно насилство. Испитаниците кои што имаат дадено и опишано што за нив претставува семејно насилство се смета дека знаат што е семејно насилство. Најчест одговор на испитаниците што подразбираат под семејно насилство е дека е насилство кое што се случува во семејството помеѓу членовите од истото каде што се употребува физичка сила како и психичка од еден член на семејството кон друг член. Најчесто испитаниците мислат дека насилството се врши во семејството од мажот кон жената, дека семејното насилство се врши и врз децата и дека најчесто го врши еден член од семејството и употребува закана, сила, моќ...

***ж. „ За мене семејното насилство претставува лош однос ( психички и физички) кон некои членови од семејството." – ученичка од ОУ „ Круме Кепески"- Општина Кисела Вода***

***м. „Семејното насилство е кога пијан татко ги малтретира сите останати членови од семејството. – ученик од ОУ „Круме Кепески – Општина Кисела Вода***

***ж. „ Семејното насилство претставува кога на некој од членовите од семејството им се врши насилство без разлика дали се тоа родителите или децата. – ученичка во СУГС „Браќа Миладиновци - Општина Кисела Вода***

***ж. „Малтретирање, тепање, навредување, понижување на членовите во семејството. – ученичка во ОУ Стив Наумов – Општина Гази Баба***

***ж. „ Семејното насилство е насилство кое се врши во семејството. Може да биде психичко и физичко и во ретки но битни случаеви сексуално. – ученичка во СУГС „ Панче Арсовски – Општина Гази Баба***




**Графички приказ бр.5**

По 100% од испитаниците од основното училиште во Кисела Вода, Круме Кепески и СУГС ,, Панче Арсовски – Општина Гази Баба знаат што е семејно насилство.

***ж. ,, Некој член од семејството да употребува физичка сила врз друг член од семејството. Пример мајката да е малтретирана од таткото, дете малтретирано од страна на родителите и обратно. – ученичка од ОУ Владо Тасевски – Општина Карпош***

***м. ,, Семејно насилство претставува малтретирање на некоја личност во кругот на семејството. – ученик во ОУ Блаже Конески – Општина Аеродром***

***ж. ,, Семејно насилство е кога сите во семејстото се малтретирани од страна на една личност. - ученичка во ОУ Блаже Конески – Општина Аеродром***

***ж. ,, Семејно насилство е малтретирање на членовите од семејството употребувајќи физичка и психичка сила. - ученичка од ОУ 11 Октомври – Општина Центар***

***ж. ,, За мене семејно насилство претставува малтретирање од страна на семејството. - ученичка од ОУ 11 Октомври – Општина Центар***

***м. ,, Семејно насилство за мене претставува физички да ги повредуваме нашите блиски. - ученик од ОУ 11 Октомври – Општина Центар***

***м. ,, Според мене семејното насилство се случува многу често во последно време во семејствата. Родителите ги тепаат децата или брачните другари меѓу себе се тепаат. Ученик во СУГС ДУФК Методи Митевски – Брицо – Општина Центар***

***ж. ,, Семејното насилство претставува според мене кога мажот ги малтретира своите деца и својата сопруга. – ученик во СУГС Шаип Јусуф – општина Шуто Оризари***




**Графички приказ бр. 6**

***ж. ,, Семејното насилство претставува злоупотребување на некој член од семејството, психички и физички. – ученичка во СУГС ,, Цветан Димов – Општина Чаир***

***ж. ,, Префрлање на работите на одреден член од семејството, закани, малтретирање, физичко и психичко како и сексуално изживување... - ученичка во ОУ Страшо Пинџур – Општина Ѓорче Петров***

***ж. ,, Семејно насилство претставува да си жртва на физичко, психичко и сексуално измачување. - ученичка во ОУ Страшо Пинџур – Општина Ѓорче Петров***

***м. ,, Семејното насилство е доколку во семејството има физичко, психичко или сексуално насилство. – студент на Институт за социјална работа и социјална политика Мајка Тереза***

***м. ,, Малтретирање, тепање, навредување, понижување и омаловажување на членовите во семејството. - случаен испитаник***

Некои од одговорите на испитаниците од Институтот за социјална работа и социјална политика Мајка Тереза и случајните испитаници

***ж. ,, Под семејно насилство подразбирам омаловажување и физичко насилство врз жената, мажот или било кој друг член од семејството. – студентка од Институтот за социјална работа и социјална политика Мајка Тереза***

***ж. ,,Насилство врз членовите од семјството без разлика дали е физичко или психичко. - студентка од Институтот за социјална работа и социјална политика Мајка Тереза***

***ж. ,, Насилство во границите на семејството помеѓу родителите, децата...- студентка од Институтот за социјална работа и социјална политика Мајка Тереза***

***ж. ,, Под семејно насилство подразбирам чести расправии во кругот на семејството кои завршуваат со тепање на некој член од семејството, кршење на предмети... – одговор на случаен испитаник***

***ж. ,, Семејното насилство претставува повредување на член од семејството без разлика али е физички, психички, вербално... одговор на случаен испитаник***

***ж. ,, Семејно насилство е кога мажот и жената вршат физичко и психичко малтретирање врз децата и обратно. - одговор на случаен испитаник***

***м. ,, Однесување насочено да предизвика физичка или психичка болка од едно кон друго лице во рамките на семејството. – одговор на случаен испитаник***

***м. ,, Злоставување, угнетување и непочитување на одредени членови од семејството. -одговор на случаен испитаник***

***м. ,, Секојдневна тортура од вербални навреди, закани и физичко малтретирање на некој член од семејството. – одговор на случаен испитаник***




**Графички приказ бр.7**

## **Облици/ форми на семејно насилство**

Ова истражување имаше за цел и да покаже и даде резултат колку од испитаниците имаат познавање од тоа кои се форми/ облици на семејно насилство. Ова прашање беше поставено во отворен карактер. Испитаниците беа замолени доколку познаваат некој облик на семејно насилство истото да го впишат, па така само 83 од испитаниците познаваат некој облик на насилство како физичко, психичко и сексуално. Од анкетираните 30 не одговориле на ова прашање, а пак 154 испитаници имаат одговорено дека не познаваат облици на семејно насилство.

Најголем број од испитаниците во Општина Шуто Оризари не знаат облици на семејно насилство. Од основците најмногу не знаат облици на семејно насилство во Шуто Оризари и Кисела Вода. Истата слика се добива и за средништите односно најмногу од средништите не знаат облици на семејно насилство во Општина Шуто Оризари и Кисела Вода.




**Графички приказ бр.8**

Од графичкиот приказ може да се види дека иако очекуваниот резултат е дека можеби помало познавање за облици на семејно насилство имаат

испитаниците од руралните средини, резултатот е обратен. Помало познавање имаат испитаниците од урбаните општини.

Бројот на испитаниците кои што не познаваат облици на семејно насилство е голем. Но имајќи предвид дека на претходните прашања како што подразбираат под поимот насилство и семејно насилство испитаниците употребуваат дефиниции на насилство и семејно насилство како употреба на сила и физичко и психичко малтретирање на личност можеби треба да се заклучи дека ова прашање да е поставено на подруг начин на пример дали познаваат некој вид на насилство, процентот би бил поголем на испитаниците кои што познаваат облици на семејно насилство. Многу ретко пак испитаниците кои што познаваат облик на насилство го навеле сексуалното насилство или пак економското. Од 37 испитаници пак кои се студенти на Институтот за социјална работа и социјална политика  Мајка Тереза, 25 од нив не познаваат облици на семејно насилство. Бројот на овие испитаници што не познаваат облик на семејно насилство е значително голем со оглед на тоа дека се работи за испитаници кои што еден ден можеби во склоп на својата професија токму ќе работат на оваа проблематика.

Од графиконот подоле може да се види споредба помеѓу испитаници од општина Бутел и Институт Мајка Тереза каде што основците, средношколците и случајните испитаници имаат поголемо познавање од студентите – апсолвенти на Институтот, за облици на семејно насилство.




**Графички приказ бр.9**

## Сведоци, жртви и учесници во семејно насилство

Во врска со сведоци и жртви на семејно насилство во ова истражување до испитаниците се поставија прашања од затворен тип на кои требаше да се одговори со да и не. Од вкупниот број на испитаници, 169 испитанци не биле сведоци на семејно насилство, 41 не одговориле на ова прашање, а пак 57 испитаници биле сведоци на семејно насилство. Од испитаниците 185 се изјасниле дека не се жртви на семејно насилство, 69 не одговориле на ова прашање, а пак 11 испитаници биле жртви на семејно насилство. Испитаниците кои што биле жртви на семејно насилство се жртви на психичко и физичко насилство, па така 7 од жртвите се изјасниле дека се жртви на психичко насилство, 4 дека се жртви на физичко насилство, а пак 2- ца дека се жртви на психичко и физичко насилство. Од испитаниците 202 не биле учесници во семејно насилство, 19 биле учесници во семејно насилство, а пак 46 испитаници не одговориле на ова прашање.

Интересен е фактот што испитаниците кои што се изјасниле како сведоци на семејно насилство мислат дека не се жртви на истото. Исто така тие што се изјасниле како жртви на семејно насилство не мислат дека се сведоци на истото.

Најголем број од учесниците во семејно насилство се од машки пол. Исто така учесниците во семејно насилство не мислат дека се жртви на семејно насилство.

**Табела број 2**

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Основно училиште | 5 | Женски пол | 8 | Бутел 1 Кисела Вода 1 Ѓорче Петров 2 Чаир 1 |
| Средно училиште | 5 | Машки пол | 2 | Кисела Вода 1 Карпош 3 Аеродром 1 |
| Случајни испитаници | 1 | Машки пол | 1 | Шуто Оризари1 |

**<u>Пријавување на семејно насилство, институции и задоволство од пријавено насилство</u>**

Задоволувачки е фактот што дури 224 испитаници би пријавиле семејно насилство доколку истото го забележат во нивната блиска околина на живеење. Испитаници кои што не би пријавиле семејно насилство се 21 на број, а пак 22 не одговориле на ова прашање.

Во поглед на пријавување на семејно насилство на испитаниците им беше поставено прашање од отворен тип за тоа дали испитаниците знаат каде можат да пријават семејно насилство.




**Графички приказ бр.10**

Од горе наведените резултати можеме да видиме дека испитаниците најмногу од нив би пријавиле семејно насилство во полиција. Само 27 испитаници од женски пол знаат и други сервиси каде што би можеле да го пријават насилството како Центар за социјална работа или пак сервис од НВО секторот Кризен Центар Надеж или пак на СОС линија. Дури 67 од испитаниците не знаат каде да пријават семејно насилство. Доколку во претходното прашање имавме 224 од вкупно 267 испитаници дека би пријавиле насилство доколку истото го забележат во нивната блиска околина веќе во следниот дел од истражувањето добиваме заклучок дека иако испитаниците имаат волја да пријават насилство многу од нив не би знаеле каде да го пријават.

Во графиконот погоре е прикажано дека најмногу испитаниците знаат да пријават семејно насилство во полиција. Единствено испитаниците од Институтот Мајка Тереза сите освен 8 кои што не одговориле на ова прашање, знаат каде да

пријават насилство. Споредено лицата кои што учат и имаат пзнавање од оваа проблематика знаат каде да се обратат и пријават семејно насилство повеќе од оние кои што не учат, слушаат секојдневно, посетуваат обуки или се превенира во најрана прифатлива возраст како во основните училишта.

Само 11 испитаници пријавувале до сега семејно насилство. Од испитаниците 8 пријавувале во полиција, а 3 не  навеле каде пријавиле семејно насилство. Тројца од нив навеле дека по пријавувањето се задоволни од реакцијата и дека после пријавувањето насилството било спречено и престанало. За останатите 8 иако навеле дека пријавувале семејно насилство не се добиени одговори дали после пријавувањето се задоволни од реакцијата на сервисот каде што пријавиле или пак дека нешто се променило после пријавувањето во насока на спречување на насилството, прекинување или пак станување на поинтензивно.

**<u>Учество на испитаниците во работилници/ обуки, програми или советувања за превенција и спречување од семејно насилство</u>**




**Графички приказ бр.11**

Многу мал број на испитаници од основните и средните училишта биле вклучени во некоја обука/работилница за заштита и превенција од семејно насилство. Само 36 испитаници биле вклучени во некои обуки. Од случајните испитаници пак, 9 само биле учесници во некоја обука. Од испитаниците од Институтот за социјална работа и социјална политика Мајка Тереза само 6 биле учесници и тоа од женски пол во некоја обука/ работилница за превенција од семејно насилство. Од основните училишта најмногу учесници се забележуваат во основните од Општина Кисела Вода и Општина Карпош. Најмало учество на работилници од основците има кај учениците од основните училишта во Шуто Оризари, Чаир и Ѓорче Петров. Од средните училишта најголем број од ученици посетиле обука во средното училиште од општина Карпош. Како и во основните така и во средните училишта со најмал број на посетени обуки/ работилници од средните училишта се лоцирани во општините Шуто Оризари, Чаир и Ѓорче Петров.

Сите испитаници кои што биле вклучени во обуки за превенција и спречување од семејно насилство после обуките навеле дека знаат што е семејно насилство и знаат каде треба да се обратат во случај на семејно насилство и да го пријават истото.

Од исклучителна важност е луѓето од најрана возраст да се вклучуваат во вакви работилници со оглед на тоа што семејното насилство постоело од секогаш. Со забрзан раст и интензитет во денешно време секојдневно сме сведоци на жртви на семејно насилство. Идејата и една од целта на ова истражување е да покаже колку младата популација е вклучена во рана превенција за заштита од семејно насилство па затоа беа опфатени испитаници од основни училишта.

**Сервиси на територија на Град Скопје кои пружаат заштита од семејно насилство**

За информираноста, познавањето и распознавањето на сервисите кои што пружаат помош и превенција на жртви на семејно насилство на територија на Град Скопје се поставија прашања само на испитаниците од Институтот за социјална

работа и социјална политика Мајка Тереза – Скопје и на случајните минувачи. Поставеноста е на овој начин со цел да се добијат одговори од луѓе кои што учат за оваа проблематика, имаат сознанија или пак по завршувањето на своите студии можеби ќе работат и ќе придонесуваат во општеството за оваа проблематика. Случајните испитаници се од исклучителна важност да се увиди колку на својата општинска територија на живеење знаат каде да се обратат, препознаат некој сервис или пак во нивната околина на опкружување истиот постои.

Се издвоија од вкупниот број испитаници односно 267 па така сега ќе се обработуваат податоци за вкупно 87 испитаници од кои 37 се студенти од кои 31 од женски пол, а 6 од машки пол, 50 испитаници се случајни од кои 25 се од машки пол, а 25 се од женски пол.




**Графички приказ бр.12**

За сервиси кои што пружаат заштита и помош на жртви од семејно насилство слушнале само 35 испитаници, а пак 52 не слушнале. Од тие кои што знаат за сервиси само 4 знаат за Прв семеен центар, 2 навеле СОС линии, 4

Центар за социјална работа и 3 од нив Кризен Центар Надеж. Останатите кои што слушнале за сервиси иако имаат слушнато не го знаат името на истите.

Бројот на студенти кои што слушнале за сервиси кои што пружаат заштита и помош на жрви на семејно насилство и бројот на тие што не слушнале е скоро на исто скалило без еден студент. Од овие спроведени анкетни листови кај студентите се очекуваше поголем број или процент на студенти/испитаници кои што слушнале за сервиси. Од вкупниот број на испитаници кои навеле дека слушнале за сервиси како што се спомна во овој труд погоре, само 13 ги знаат имињата на сервисите. Овој факт не води кон заклучок дека сервисите не се доволно рекламирани или пак промовирани во јавноста и меѓу граѓаните за тие да можат да ги препознаат како такви.

За 23 испитаници постојат доволно сервиси администрирани на територија на Град Скопје за заштита и превенција од семејно насилство, а пак за 28 не постојат доволно. На ова прашање одговарале и испитаници кои претходно не се изјазниле по прашањето дали познаваат сервиси на територија на Град Скопје кои пружаат заштита и помош на жртви на семејно насилство или пак испитаници кои на претходното прашање не дале никаков одговор. На ова прашање не одговриле 29 испитаници. Ако сметаме дека испитаниците што не дале никаков одговор на овие две претходни прашања, бројот на тие што не познаваат сервиси би бил поголем.

Одговори на испитаници кои сметаат дека не постојат доволно сервиси:

***ж. „ Во однос на бројот на жртвите на семејно насилство има недостиг на помош за истите и затоа сметам дека бројот на сервисите треба да се зголеми.’’ – студентка***

***м. „ Потребна е поголема посветеност на сервисите и повеќе сервиси за оваа проблематика.’’ – студент***

***м. „ Поголема работа на сервисите за повеќе превентивни мерки.’’ – студент***

***ж. „ Од ден на ден се повеќе се зголемува бројот на жртвите на семејно насилство, а сервисите и не се од некоја помош бидејќи ги има во мал број.'' – случаен испитаник***

***ж. „ Сите се ограничени со недоволно средства за функционирање и не се доволно рекламирани.'' – случаен испитаник***

***ж. „Бидејќи не се одвојува доволен буџет за згрижување на жртви од страна на државата. ''– случаен испитаник***

**<u>Придонесување во општеството во борба против семејно насилство и програми и кампањи спроведени против борба од семејно насилство на Територија на Град Скопје</u>**

Со поставување на ова прашање се добија резултати дека оној кој што придонесува во општеството за борба против семејно насилство е впрочем и оној кој на некој начин е вклучен со учење во оваа проблематика, а тоа е студент. Случајните испитаници речиси и да немаат слух за придонес во општеството во борба против семејно насилство. Постои желба за придонес, а пак кога ќе го видиме бројот на оние кои што не одговориле на ова прашање, станува јасно дека не се посветило многу внимание на истото. Во графичкиот приказ ќе се прикаже сликата на оние кои сакаат и не сакаат да придонесуваат. Не треба да ја оставиме незабележана и бројката на граѓаните кои би придонесувале, а станува збор за студентите од Институтот кои што имаат поголеми познавања за оваа проблематика како и слух.







**Графички приказ бр.13 и 14**

Поголем е бројот на студенти кои што слушнале за програми и кампањи на Територија на Град Скопје против семејно насилство, отколку случајните испитаници. Исто така поголем е бројот на случајните испитаници кои никогаш не слушнале за ваков тип на кампањи и програми. Кај студентите овој број е 0. Според 35 испитаници програмите и сервисите за жртви на семејно насилство работат со програми прилагодени и соодветни за заштита, емоционална

поддршка и рехабилитација на жртвата на семејно насилство, а пак според 36 испитаници не работат. На ова прашање не одговориле 16 испитаници.

***<u>Коментари и предлози од случајни  испитаници:</u>***

***т. ,, Никогаш не сум слушнал дека воопшто постојат сервиси, каде се наоѓаат или пак на кој начин функционираат.''***

***т. ,, Соодветната заштита за жртви на семејно насилство потребно е подобро да се спроведува, потребни се нови идеи, нови програми.''***

***ж. ,, Само да ги спроведуваат своите програми и заштита веднаш по пријавувањето дека има жртва некаде таму...''***

***ж.,,Поголемо вклучување на медиумите во информирањето за работата на сервисите.''***

***ж. ,, Да бидат поактивни кога имаат повици за семејно насилство, подостапни за жртвите и попродуктивни, таквите луѓе придонесуваат за мирно општество.''***

***ж.,,Сигурност и заштита на жртвата кога ќе пријави, услови за нејзино сместување, лекарска помош, помош од социјален работник, психолог, правна помош, а може да се земат и примери од државите каде што згрижувањето и реахабилитацијата на жртвата беспрекорно функцонира, посебно за жените жртви на семејно насилство.''***

***ж. ,, Повеќе финансирње на невладиниот сектор, повеќе рекламирање и запознавање на народот, поткревање на свеста посебно на жртвите за да пријават и да се охрабрат.''***

***ж. ,, Обезбедување поголем маркетинг за центрите дека постојат и за сервисите со цел запознавање со нивната заштита и услови кои ги нудат како и ресоцијализација на жртвите.''***

## ЗАКЛУЧОЦИ КОИ ПРОИЗЛЕГУВААТ ОД ИСТРАЖУВАЊЕТО

Анализата од ова истражување укажува на следниве заклучоци и предлози:

- Република Северна Македонија има систем на заштита од семејно насилство – главна улога во овој систем игра Центарот за социјална работа и граѓанските организации кои за меѓусебна подобрена соработка користат Протокол.

- Македонското законодавство за регулирање на правта и мерките кои што произлегуваат од проблемот семејно насилство, ги познава Законот за семејство, Законот за социјална заштита, Кривичниот законик и Законот за превенција, спречување и заштита од семејно насилство. Овие закони се носители во легислативата со која се регулира семејното насилство. По оваа законска рамка постапува Министерството за труд и социјална политика, Министерството за правда, Министерството за внатрешни работи, Министерството за здравство и Министерството за образование.

- Дополнително за регулирањето на семејното насилство, државата донесува Национални сратегии за борба против семејно насилство. До сега се донесени две од кои што првата Национална стратегија е за периодот од 2008-2011 година, а пак втората за периодот од 2012-2015 година. После стратегијата за периодот од  2012-2015 година не е донесена нова стратегија.

- Надзор над работењето на политиките и мерките кои се донесуваат за борбата против семејно насилство врши Национално координативно тело со кое што претседава министерот за труд и социјална политика.

- На територија на Град Скопје постојат три национални СОС линии кои се достапни 24/7, 365 дена во годината.

- На територија на Град Скопје постојат три граѓански организации кои што даваат бесплатна правна помош за жртви на семејно насилство, а тоа се Хелсиншкиот комитет за човекови права, ЕСЕ и Здружение на млади правници.

- На територија на Град Скопје постојат само два шелтри за згрижување на жртви од семејно насилство од кои едниот е за кризно згрижување, а во другиот се згрижуваат жртви до најкасно 6 месеци. Капацитетот е од 3-5 жртви во моментот на згрижувањето што би значело во даден момент во Скопје можат да се згрижат 10 жртви истовремено во двата шелтери.

- Постои замо едно специјализирано советувалиште за психосоцијална поддршка и советување на семејства кои се во конфликтни односи, во кое што во моментот се врши насилство или во семејството постоело насилство.

.

Во **Општина Центар** се лоцирани два сервиса, еден во општина **Карпош**, а еден во **Општина Гази Баба.** Останатите општини немаат никакви сервиси за превенција и спречување од семејно насилство

## ПРЕПОРАКИ КОИ ПРОИЗЛЕГУВААТ ОД ИСТРАЖУВАЊЕТО

- **Отварање на шелтер центри по еден во секоја општина на територија на Град Скопје –**со отварањето на шелтер центри во секоја општина поединечно ќе се зголеми капацитетот за згрижување на жртви на семејно насилство.
- **Одржување на обуки –** да се почне со рана превенција од семејно насилство. Да се одржуваат обуки во основните училишта најпрво, а подоцна да се продолжи и со средните училишта. Уште во основните училишта да се даде до знаење што е насилство, семејно насилство, кои се облиците од истото и како може да се превенира и да се спречи. Да се одржуваат обуки на кои што децата од рана возраст ќе знаат да го препознаат семејното насилство и ќе знаат каде да се обратат и истото да го пријават.
- **Делење на флаери, постери и едукативен материјал-**делење на едукативен и информативен материјал во секоја општина поединечно и поинтензивно. Со делењето на едукативниот/информативниот материјал да се промовираат постоечките СОС линии и постоечките сервиси.
- **Подигање на свеста кај граѓаните за постоење на сервиси и пријавување на семејно насилство-** Да се одржуваат јавни трибини во постоечките општини поредовно. Да не се одржуваат јавни настани за борба против семејно насилство само за кампањата ,,16 дена активизам за борба против семејно насилство.'' Да се подигне свеста во општината Сарај во која што не ми беше дозволено да спроведам анкета во училиштата. Да се надмине јазичната бариера и да се охрабри населението да говори за насилството.
- **Поголемо финансирање на постоечките сервисите од страна на државата –** со располагање на поголем буџет сервисите би можеле поквалитетно и подолготрајно да ги промовираат, извршуваат и да делуваат во мерките и програмите против семејно насилство кои што ги

имаат развиено. Да се обучува, доквалификува и да се финансираат поголем број на стручни кадри кои што ќе работат со жртви на семејно насилство.

- **Пријавување на семејно насилство –** постоечките сервиси да делуваат со обуки, поголема активност и самопромовирање со што би го охрабриле локалното население да пријавува насилство. Да не се гледа на проблемот само преку затворени врати. Насилството се случува околу нас. Да се подигне свеста кај граѓаните дека се должни доколку забележат насилство истото да го пријават. Со самопромовирањето населението ќе има до знаење дека насилството не можат да го пријават само во полиција туку и во постоечките сервиси на СОС линии за понатамошно постапување.
- **Поголемо вклучување на медиумите –** поголема активност и делување на медиумите во информирањето за семејното насилство и негово превенирање и спречување. Граѓаните ќе се информираат за постоечките сервиси и ќе се поттикнат да се обратат до нив за помош.
- **Волонтирање-** поголема активност и волонтирање од страна на студентите и населението во борба против семејно насилство.

## ***ПРИЛОЗИ***

Прилог број 1 – Табела на основни и средни училишта каде се спроведе истражување

Прилог број 2 – Анкетен лист

Прилог бр. 1

| ОСНОВНИ УЧИЛИШТА | СРЕДНИ УЧИЛИШТА |
|---|---|
| ОУ ,,Петар Здравковски – Пенко'' ул. ,, Втора Македонска Бригада'' бб – Општина Бутел | СЕПУГС ,,Арсени Јовков'' ул. ,, Костурска'' бб- Општина Бутел |
| ОУ ,,Круме Кепески'' ул. ,, Христо Татарчев'' бр. 46 – Општина Кисела Вода | СУГС ,,Браќа Миладиновци'' ул. ,,Китка'' бб – Општина Кисела Вода |
| ОУ ,, Стив Наумов'' ул. ,,Лазар Поп Трајков'' бр.28 – Општина Гази Баба | СУГС ,,Панче Арсовски'' ул. ,,16 – та Македонска Бригада'' бр.34 – Општина Гази Баба |
| ОУ ,,Владо Тасевски'' ул.,,Миле Поп Јорданов'' – Општина Карпош | СУГС ,, Лазар Танев'' ул. ,, Стрезова'' бр.3 – Општина Карпош |
| ОУ,, Блаже Конески'' ул.,,Венијамин Мачуковски'' бр.4 – Општина Аеродром | СУГС ,,Димитар Влахов'' ул. ,,Трета Македонска Бригада'' бр.22 – Општина Аеродром |
| ОУ ,,11 Октомври'' ул. ,, Мирче Ацев'' бр.102 – Општина Центар | СУ ДУФК ,, Методи Митевски – Брицо'' ул. ,, Железничка'' бб – Општина Центар |
| ОУ ,,26 –ти Јули'' ул. Индира Ганди'' бр.31 – Општина Шуто Оризари | СУГС ,,Шаип Јусуф '' ул. ,, Вашингтонска'' бр. 44 – Општина Шуто Оризари |
| ОУ ,,Васил Главинов'' ул. ,,Џон Кенеди'' бб – Општина Чаир | СУГС Цветан Димов ул. ,, Џон Кенеди'' бр.16 – Општина Чаир |

| | |
|---|---|
| ОУ ,,Страшо Пинџур''<br>Ул.,,Лука Геров'' бр. 21 – Општина Ѓорче Петров | СУГС ,,Кочо Рацин''<br>Ул. ,, Лихнида'' бб – Општина Ѓорче Петров |

Прилог бр. 2

**Анкетата е анонимна и се спроведува за научни цели. Податоците од оваа анкета нема да бидат употрбени за други научни или било други какви цели.**

## ***<u>АНКЕТЕН ЛИСТ</u>***

1. Место на живеење

Општина________________________

2. Пол

1) машки                    2) женски

3.Година на раѓање_______________

4.Степен на образование

1) основно

2) средно

3) виша школа

4) високо

5. Дали сте слушнале за семејно насилство?

1) да 2) не

6.Дали во Вашето место на живеење и околина сте слушнале за некој кој врши семејно насилство?

1) да 2) не

7. Дали под семејно насилство подразбирате само физичко малтретирање?

1) да 2) не

8. Дали познавате друг облик на семејно насилство освен физичко насилство ( тепање, мавање, горење, тресење...)

1) да 2) не

9. Дали некогаш Вие лично сте биле жртва на семејно насилство?

1) да 2) не

10. Дали знаете да препознаете семејно насилство?

1) да 2) не

11. Дали доколку забележите семејно насилство во Вашата блиска околина би пријавиле на надлежен орган?

1) да 2) не 3) можеби 4) не ме интересира

12.Познавате ли некој надлежен орган каде што можете да пријавите семејно насилство.Ако одговорот е да впишете го и органот.

1) да ______________________ 2) не

13. Во Вашето место на живеење дали има или сте слушнале за социјален сервис кој пружа помош и заштита на жртви од семејно насислтво? Ако одговорот е да впишете кој е тој сервис.

1) да____________________________ 2) не

14. Сметате ли дека треба да се воведат некои програми за семејно насилство и запознавање со истото кои би биле на месечно ниво во облик на обука ( последици, жртви, насилник, облици, центри за пружање помош, распознавање на семејно насилство) уште во основно училиште?

1) да 2) не

15. Дали сметате дека постојат доволно социјални сервиси кои пружаат помош на жртви од семејно насилство? Ако одговорот е не Ве молам наведете зашто сметате така.

1) да 2) не______________________________________________________________

16. Дали Би сакале да придонесувате во општеството на некој начин против борба за семејно насилство?

1) да 2) не

17. Дали доколку сте сведок на семјно насилство или сте жртва на истото и сакате да пријавите знаете каде да се обратите?

1) да 2) не 3) никогаш не сум слушнал/слушнала и нема да пријавам

18. Дали познавате или сте слушнале за некои програми за борба против семејно насилство или кампањи спроведени на територија на град Скопје?

1) да 2) не 3) никогаш не сум слушнал/ла 4) многу ретко слушам за такви кампањи 5) секојдневно слушам и се информирам

Датум на спроведување на истажувањето__________________________

Место на спроведување на истражувањето_________________________

Анкетар________________________________________________________

**КОРИСТЕНА ЛИЕТРАТУРА:**


- Арнаудовски, Љупчо, „Криминологија“, 2 Август С Штип, Скопје, 2007.
- Дукас, Д., Коцева, А., Качанска, Б., “Семејно насилство-Брошура”, Организација на жените на Општина Свети Николе, Свети Николе, 2010.
- Закон за семејство, сл. весник на РСМ, бр. 153 од 20.10.2014 година.
- Закон за социјална заштита, сл.весник на РСМ бр.79 , 24.96.2009година.
- Законот за превенција, спречување и заштита од семејно насилство, сл.весник бр. 138 од 17.09.2014 година.
- Закон за локална самоуправа, сл.весник на РСМ бр.5 од 29.02.2002година.

- Заеднички протокол за постапување во случај на семејно насилство, Влада на Република Македонија.

- Извештај од извршено теренско истражување, “Семејно насилство”, Здружение за еманципација, солидарност и еднаквост на жените во Република Северна Македонија ЕСЕ, Скопје, 2010.
- Извештај од мониторингот на спроведувањето на Законот за превенција, спречување и заштита од семејно насилство, Национална мрежа против семејно насилство, декември, 2016.
- Кривичен Законик на Република Северна Македонија, Службен весник19/04.
- Конвенција на Советот на Европа за спречување и борба против насилството врз жените и домашното насилство, Истанбул, 11.V.2011, www.coe.int/conventionviolence.
- Камбовски, Владо и Тупанчески, Никола, “Казнено право – посебен дел”, 2 Август С Штип, Скопје, 2011.

- Михов, С., Фришчиќ, Ј., “Водич за постапување на професионалните структури при заштита од семејно насилство во казненоправниот систем” , Здружение за еманципација, солидарност и еднаквост на жените на РСМ-ЕСЕ и Здружение на граѓани Акција Здруженска Скопје, Скопје, 2008.
- Национална стратегија за спречување и заштита од семејно насилство 2012-2015 година.
- Чачева, В., „Истражување семејно насилство 2000“, Меѓуцрковна организација за развој и соработка – ИЦЦО Скопје, 2000 година.
- Чачева, В., Фришчиќ, Ј., Мишев, С., „Живот во сенка”, Семејно насилство врз жените, истражувачки резултати, Здружение за еманципација, солидарност и еднаквост на жените на РСМ-ЕСЕ, Скопје, 2006.
- Gelles, J. Richard “Family Violence” in “The Handbook of Crime and Punishment” ed. Tonry Michael, Oxford University Press, 1998.
- http://www.woodbridgedvrt.org/pages/fiveforms.html.
- http://www.victimsofcrime.vic.gov.au/home/a+crime+is+committed/types+of+crime/family+violence/.
- http://www.victimsofcrime.vic.gov.au/home/a+crime+is+committed/types+of+crime/family+violence/